РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# ЕФЕКТИТЕ ОД ДЕГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ МИРОТ И СТАБИЛНОСТА НА ДРЖАВИТЕ

Ментор:
Проф.д-р Горан Зенделовски

Кандидат:
Надица Коцевска-Краевска

Скопје, 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# ЕФЕКТИТЕ ОД ДЕГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ МИРОТ И СТАБИЛНОСТА НА ДРЖАВИТЕ

Ментор:
Проф.д-р Горан Зенделовски

Кандидат:
Надица Коцевска- Краевска

Скопје, 2024 година

## Содржина


Вовед ........ 5

Глава I ........ 9

Теоретско одредување на глобализацијата ........ 9

1.1. Историски развој на глобализацијата ........ 9

1.2. Поим и дефинирање на глобализацијата ........ 10

1.3. Позитивни и негативни ефекти од процесите на глобализација ........ 14

1.4. Глобализацијата како двигател на глобалните општествени промени ....17

Глава II ........ 21

Аспекти на глобализацијата ........ 21

2.1. Политички аспекти на глобализацијата ........ 21

2.1.1. Концептот на држава во современите глобализациски процеси ......24

2.1.2. Суверенитетот и глобализацијата ........ 26

2.1.3. Односот меѓу глобализацијата и демократијата ........ 27

2.1.4. Глобализацијата и меѓународните актери ........ 28

2.1.5. Глобализацијата и политичките одлуки и институции ........ 29

2.2. Економски аспекти на глобализацијата ........ 31

2.3. Социјални аспекти на глобализацијата ........ 33

2.4. Причини за критика на глобализацијата во развиените земји ........ 34

2.5. Процесите на регионализација и фрагментација ........ 37

2.5.1. Регионализација и глобализација ........ 37

2.5.2. Фрагментација и глобализација ........ 38

Глава III ........ 41

Теоретско одредување на деглобализацијата ........ 41

3.1. Генеза на деглобализацијата ........ 41

3.2. Поим и дефинирање на деглобализацијата ........ 49

3.3. Анализа на процесот на деглобализација ........ 52

3.4. Принципи на деглобализација .................................................................. 57
3.5. Димензии на деглобализацијата ................................................................58
3.5.1. Економска димензија на деглобализацијата ......................................58
3.5.2. Политичка димензија на деглобализацијата ......................................62
3.5.3. Социјална димензија на деглобализацијата .......................................64
3.6. Состојбата со деглобализацијата во меѓународните односи ........................65
3.7. Предности и недостатоци од процесот на деглобализација .........................69
3.8. Антиглобализациски движења ...................................................................70
3.8.1. Видови на антиглобализациски движења .............................................72

Глава IV ...........................................................................................................76
Ефектите од деглобализацијата врз мирот и стабилноста на државите ..................76
4.1. Глобализацијата и мирот .........................................................................76
4.2. Најмироьубиви и најконфликтни земји во светот ......................................82
4.3. Влијанието на војната во Украина на мирот и стабилноста .........................86
4.4. Влијанието на пандемијата со Ковид 19 врз мирот ..................................... 91
4.4.1. План за опоравување од пандемијата со КОВИД-19 ...........................94
4.5. Ефектите од деглобализацијата врз мирот ................................................96
4.6. Степен на глобализираност на развиените и неразвиени земји ..................98

Заклучни согледувања .................................................................................102

Библиографија ..............................................................................................109

## Вовед

Глобализацијата е еден објективен планетарен, транснационален процес кој претставува проширување, продлабочување и забрзување на меѓуповрзаноста насекаде низ светот. На глобализацијата главно се гледа како на амбивалентен и асиметричен процес кој не носи подеднаква корист за сите. Постојат народи, држави и групи кои се задоволни и оние кои се засегнати од начинот на нејзиното манифестирање. Кај едните глобализацијата има придонесено благосостојба и просперитет, а кај другите има придизвикано стагнација и редица проблеми. Општо гледано, процесите на глобализација ја изменија сликата на современите односи меѓу државите, регионите и на светот во целина.

Глобализацијата во литературата е различно дефинирана како „интензивирање на светските општествени односи што ги поврзуваат далечните локалитети на таков начин што локалните настани се обликуваат од настани што се случуваат многу милји подалеку и обратно“, „интеграција на светската економија“, „детериторијализација – или раст на суптериторијалните односи меѓу луѓето“ и „компресија на времето и просторот.“

Економски гледано, глобализацијата е процес на развој на капиталистичко производство, глобален пазар, слободно движење на капиталот, производите и услугите, како и пораст на транснационални корпорации кои остваруваат доминантност над државните и национални економии. Во политичка смисла, глобализацијата е одредена како општествена појава на слабеење на моќта на националните држави, ерозија на државата и на суверенитетот, како и пораст на владини и невладини организации на локално и глобално ниво. Оттука, постојат видувања дека глобализацијата го прави светот нестабилен, неизвесен и опасен, но сепак, таа има и свои позитивни аспекти. Нивната манифестација е во поголемата интегрираност на светот, во развивањето и во забавувањето на демократските процеси, преку зголемена меѓузависност и соработка помеѓу државите, што од друга страна ќе придонесе да се намали опасноста од конфликти, војни и судири.

Деглобализацијата е процес на намалување на меѓузависноста и интеграцијата помеѓу одредени глобални ентитети, честопати национални држави, и е спротивно на глобализацијата. Од практична гледна точка, сегашниот феномен на деглобализација не е само тренд, туку и многу јасно однесување и политика на владите во повеќе земји. Некои фактори кои придонесуваат за процесите на деглобализација произлегуваат од економските законитости, но постои еден фактор кој ги обединува сите проучени сегменти и веројатно ќе биде клучен: политичката волја на главните играчи, за што сведочи проширувањето на опсегот и бројот на ограничувања.

Растечкиот протекционизам на некој начин ја инхибира меѓународната трговија, инвестициите и производството, а, исто така, игра улога во непредвидливоста и недовербата што ги карактеризираат меѓународните односи. Структурата на светската економија, која влијае врз развојот на општеството во секој сектор од економијата, е основата на теоријата на глобализацијата. Бројот на трговски блокови значително е зголемен во целата глобална економија. Мултинационализмот и светската економска интеграција се тесно поврзани со глобализацијата.

Глобализацијата укажува на важноста на стандардните оперативни процедури, отворената трговија, меѓународната усогласеност и странските инвестиции. Меѓународните организации како што се Светската трговска организација (СТО), Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) и Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој (УНКТАД) се сметаат за клучни за глобалната трговија и за економијата. Главните причини за деглобализацијата се падот на растот на трговијата и глобалната трговија; употребата на трговски бариери за поттикнување трговски војни или непријателства меѓу нациите и групите земји; формирање на трговски или економски блокови.

Главните причини за овој тренд се нееднаквата распределба на придобивките од глобализацијата, порастот на нееднаквоста, губењето на работните места, особено во земјите во развој, порастот на протекционистичките мерки и подемот на популистичките лидери ширум светот.

Најнеразвиените земји беа најпогодени од деглобализацијата затоа што мораа да ги направат најтешките приспособувања на нивните економии за да се адаптираат на процесот поради брзите промени кои најчесто беа иницирани од најразвиените земји. Некои економисти тврдат дека и претходно постоел период на деглобализација. Можеби најголемиот и најевидентен доказ за постоењето на деглобализацијата што се случува во светот лежи во актуелната политичка имагинација на недемократските и неавторитарните држави.

Оттука, во Трудот е даден посебен акцент на идентификација на видливите и потенцијалните опасности кои со себе ги носи деглобализацијата, кои се многубројни, разновидни и кои подеднакво не ги засегаат сите земји. Сообразно со претходното, ќе бидат презентирани и клучните политички, економски и социјални аспекти и на глобализацијата и деглобализацијата кои придонесуваат за зачувување на мирот и стабилноста. Преку анализа на одредени сознанија и индикатори, ќе биде даден одговор на прашањето колку и во кој домен деглобализацијата води кон мир и стабилност, односно продуцира незадоволство.

Во светската литература провејуваат одделни ставови кои се непосредно поврзани со мирот како пораст на демократски модел во улога на успешна промоција на мирот и разрешувањето на конфликтите; пораст на економската меѓузависност и животниот стандард; пораст на бројот на меѓународни институции и организации кои овозможуваат поголема контрола, посредување при појава на конфликти и превентивно дејствување во случај на загрозување на мирот; пораст и влијание на меѓународните норми против насилството и нивото на образование и иновации.

Предметот на истражувањето има за цел да овозможи анализа на ефектите од деглобализацијата врз мирот и стабилноста на земјите со различен степен на развој. Долгогодишните критичари на глобализацијата што предупредуваа дека ќе заврши лошо сега го докажуваат тој момент. Порозните граници, слободната трговија и оптоварените синџири на снабдување ќе го направат светот послаб, оставајќи ги земјите опасно ранливи на нарушување и на шокови. Потребни беа протекционистички претседател на САД, глобална пандемија и нова европска војна за да се докаже дека биле во право за динамиката на современата деглобализација.

Со години, критичарите биле главно игнорирани бидејќи придобивките од глобалната интеграција биле премногу привлечни за оние што ги влечеле конците во владите и големите корпорации. Сега кога се нижат последователно глобалните и регионалните кризи, време е за деглобализација. Во тој контекст, основниот предмет на истражување ќе биде насочен кон добивање на нови сознанија дали деглобализацијата го менува балансот на силите и наметнува нови правила на игра спротивни на западните земји, и до кој степен таа ќе ги интензивира геополитичките и геоекономските ривалства, поларизацијата и напнатоста помеѓу државите со различни системски уредувања. Целта на истражувањето е да се дојде до сознанието за проблемот на истражувањето, за неговите објективни манифестации во реалноста и, секако, до соодветни решенија.

Основна цел на истражувањето се однесува на новите тенденции, предизвиците и на можните импликации од процесот на деглобализација, особено нејзиното влијание врз мирот и стабилноста на земјите. Притоа, ќе се идентификуваат и ќе се анализираат причините што придонесуваат за забавување на глобализацијата за сите нејзини аспекти.

Тргнувајќи од основниот предмет на истражување и во согласност со целта на истражувањето, а уважувајќи ги досегашните истражувања на оваа тема, општата хипотеза што е поставена во согласност со поголемиот број на утврдени податоци од кои се тргнува во овој труд и што ќе биде предмет на докажување гласи: Ефектите од процесот на деглобализација можат да предизвикаат импликации врз политичката, економската и врз безбедносната состојба на државите, намалувајќи го нивото на меѓународна интеграција и соработка меѓу земјите.

Она што е најважно е да се разбере дека се работи за важно подрачје чиишто процеси придонесуваат за интегрирање на земјите кон економски просперитет, за промовирање на демократските процеси и за национална, регионална и глобална безбедност.

# ГЛАВА I
# ТЕОРЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

## 1.1. Историски развој на глобализацијата

Хронологијата на настаните што го означуваат настанувањето на процесот на глобализација, според Петковска, зависи од тоа како е разбран самиот процес на глобализација. Додека за некои тоа е процес чии обрасци се препознаени уште во минатото, за некои глобализацијата е феномен кој се однесува на еден современ период, односно на осумдесетите години од 20-тиот век, кога поимот е во широка употреба.[1]

Во таа смисла, Мирослав Пејчулиќ ја секвенционира глобализацијата на неколку периоди и тоа на:[2]

- Предмодерен поредок, создавање на универзална цивилизација и империја;
- Прв бран на глобализација, ерата на откритијата (1450-1850), каде глобализацијата била обликувана од европската експанзија и освојување;[3]
- Втор бран на глобализација (1850-1945), експанзија на индустријализмот, проширување и консолидацијата на европските империи;
- Трет бран (турбоглобализација започната по завршување на Студената војна).

Дејвид Хелд го има поделено процесот на глобализација на четири периоди, според следниов хронолошки редослед:[4]

- Предмодерна глобализација (до 1500 година);
- Рана модерна глобализација (од 1500 до 1850 година);
- Модерна глобализација (од 1850 до 1945 година), и
- Современа глобализација (од 1945 до денес).

[1] Sanja Petkovska, "*The Impact of Globalization on Science Policy and Research in Serbia: Values, Discoirses, and Institutions*" (PhD diss., University of Belgrade, 2017), 9.
[2] Pecujlic M., „*Globlaizacija – dva lika sveta*", во*:* Глобализација: мирот и безбедноста, Универзитет „Св.Кирил и Методиј", (2014), 11.
[3] John Baylis et al., *the Globalization of the World Politics, (*New York, Oxford University Press, 2008), 81.
[4] Held D. et al., „*Global Transformations, Politics, Economics and Culture,* Cambridge"во*:* Глобализација: мирот и безбедноста, Универзитет „Св.Кирил и Методиј", (2014), 11.

Од друга страна, Робертсон го има претставено концептот на глобализација како серија од пет фази:[5]

- Зародишна фаза (Европа, од 1400 до 1750);
- Почетна фаза (Европа во период 1750-1875);
- Фаза на полет (1875-1925);
- Фаза на борба за хегемонија (1925-1969);
- Фаза на неизвесност (1969-1992);

Она што може да се истакне е дека биле направени обиди од одделни автори да ја пронајдат историската рамка на глобализацијата, притоа истакнувајќи дека таа била во процес од почетокот на човештвото, за други таа била синоним за модернизација и развој на капиталистичкиот систем, додека пак за трети, глобализацијата претставувала еден современ феномен поврзан со постиндустријализацијата и со постмодернизацијата.[6]

### 1.2. Поим и дефинирање на глобализацијата

Глобализацијата, како процес кој го промени и го менува светот, е една од најчесто дискутирани теми во делата на многу научници од различни професии и од одредени научни области.[7] Од тоа дека станува збор за поврзување на локални и регионални подрачја, на државни, етнички, културни и политички сегменти во интегративна целина, до тоа дека глобализацијата претставува манифестациски простор на конфликти, авторитарност и неслобода, социјална неправда, експлоатација и дискриминација.[8]

Според Томас Фридмен, глобализацијата претставува идеалистички збир на верувања, бихејвиорален збир на принципи, правила и активности и материјален збир на резултати и инфраструктура.

---

[5] Robertson R., „*Globalization*"*во:* Глобализација: мирот и безбедноста, Универзитет „Св.Кирил и Методиј", (2014), 11-12.
[6] Ђоко Слијепчевић и Младен Иванић, "Теоријска схватања глобализације," *Acta Economica* 7, no.10 (April 2021): 220.
[7] Kostić M., *Globalizacija, mala zemlja i izazovi za nauku – s posebnim osvrtom na Crnu Goru*, 26.
[8] Исто, стр.14.

Авторот смета дека глобализацијата е сложен процес што ќе го направи светот побогат и посреќен.[9] Френцис Фукујама поимот за глобализацијата го има рационализирано во име на „ефикасноста, конкуренцијата и профитот“.[10] Од друга страна, Вуд Елен Меиксинс ја има нагласено бихејвиоралноста на глобализацијата во смисла дека општествената реорганизација на постојните институции и промените наметнати на практиките, можат да го променат и нарушат нормалниот живот на луѓето.[11]

За да ја објасни глобализацијата, Рони Липшуц сметал дека „таа е материјална во смисла на капиталот, технологијата, добрата и во ограничен степен работната сила и тоа без разлика на општествените или политички влијанија врз земјите, заедницата и врз луѓето.“[12] Она што авторот Урлих Бек го има потенцирано за глобализацијата е дека таа е постреволуционерна и епохална трансформација на националното и институционалното, како состав на рамнотежа на моќ и правила кои доминираат во самата држава, односно, дека глобализацијата може да биде обликувана.[13]

Родоначалникот на терминот глобализација, Роланд Робертсон, ја објаснува „глобализацијата како поим кој се однесува на згуснување на светот и јакнење на свеста за светот како целина.“[14]

Според Хелд и соработниците, постојат три доминантни гледишта за историската анализа на глобализацијата. Тоа се: хиперглобалистички поглед, скептичен поглед и трансформациска теза. Она што го тврдат застапниците на хиперглобалистичкиот поглед е дека станува збор за повлекување на суверените национални држави, бидејќи глобалните сили ја поттикнуваат способноста на владите да ги контролираат сопствените економии и општества.

---

[9] Ronnie D. Lipschutz and James K. Rowe, *Globalization, Govermentality and Global Politics: Regulation for the rest of us?* (London: Routledge, 2005), 25.

[10] Fukuyama, F., "*The End of History and the Last Man* in: *Globalization, Governmentality and Global Politics: Regulation for the rest of us?"* London, Routledge, 2005, 25.

[11] Wood E. M., "*Democracy against Capitalism: Renewing Historical Materialism"* in: *Globalization, Governmentality and Global Politics: Regulation for the rest of us?* London, Routledge, 2005, 25.

[12] Lipschutz R. D., "*After Authority: War, Peace, and Global Politics in the 21st Century"* in: *Globalization, Governmentality and Global Politics: Regulation for the rest of us?* London, Routledge, 2005, 25.

[13] Beck U., „*Moc protiv moci u doba globalizacije: Nova svjetskopoliticka ekonomija"во*: Глобализација: Мирот и Безбедноста, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, (2014): 19-20.

[14] Robertson R., "*Globalizacijata kao problem*" во: Глобализација: Мирот и Безбедноста, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, (2014): 21.

Според нив, современата глобализација е фундаментално поврзана со ерозијата на моќта и авторитетот на националната држава.[15] За разлика од хиперглобалистите, скептиците ја отфрлаат претставата за глобализацијата како толку „моќна“ и тврдат дека државите и геополитиката се основните сили што го формираат светскиот поредок.[16] Тоа го имаат направено врз основа на следното: светот е многу помалку глобализиран економски, политички и културно, во споредба со периодот од 1870 година до 1914 година; интензивност на геополитиката, регионализацијата и интернационализацијата; концентрирана меѓународна економска и политичка активност во рамките на групата земји на ОЕЦД; помала интегрираност во светската политика на поголемиот дел од светското население и земјите на Југ; важноста на геополитиката, државната моќ, национализмот и територијалните граници, во светската политика; интернационализацијата или регионализацијата се креации на државната политика, а не корпоративни актери или капиталистички императиви; глобализацијата како мит или идеологија што ја зајакнува западната, а особено американската хегемонија во светската политика.[17]

Се смета дека, трансформациската теза претставува компромис помеѓу претходните две тези. Трансформистите тврдат дека глобализацијата е главната сила зад брзите, широко распространети социјални, политички и економски промени кои ги преобликуваат и реконституираат модерните општества и светскиот поредок. Секоја перспектива на глобализацијата нагласува различни фактори како клучни елементи на овој феномен.[18]

Формално глобализацијата се заснова на „поврзаност“, „размена“ и „врски.“ Термините кои ги користел Кевин Воткинс се „Glophile“ и „Glophobia“ за да обезбеди пошироко расветлување на про- и антиглобализациските перспективи.[19]

---

[15] Held D., McGrew A.G., Goldblatt D and Perraton J., “*Global Transformations: Politics, Economics and Culture”, in:* Dreher et al., Measuring Globalisation: Gauging and Consequences, Springer Sciences+Business media, (2008): 17.

[16]John Baylis et al., *the Globalization of the World Politics, (*New York, Oxford University Press, 2008), 16.

[17] Hirst P., and G. Thomson, “Globalization-a necessary myth?” in: The Global Transformations Reader, Cambridge: Polity Press, (2003), 78.

[18] Axel Dreher et al., *Measuring Globalisation: Gauging its Consequences* (New York: Sciences+Business media, 2008), 19.

[19] Kevin Watkins, “Making Globalization Work for the Poor Point/Counterpoint,” *Finance and Development* 39, no.1 (2002):24.

Мислењето на Питер Тејлор било дека глобализацијата имала способност да го поврзе светот, што ќе го засили исчезнувањето на границите и ќе ги привлече главните социо-економски, политички и културни фактори во хомогенизиран ентитет.[20] Дефиницијата на Јан Арт Шолте за глобализацијата како супратериторијалност го одразува гледиштето на неколку научници за глобализацијата како единствен процес кој се одвива само на глобално ниво и кој треба да се разликува од другите концепти, како што се интернационализација, либерализација, универзализација, модернизација и детериторијализација. Токму поимот интернационализација е уште една придавка со која се опишани прекуграничните активности помеѓу земјите.[21] Во однос на либерализацијата, глобализацијата го означува процесот за отстранување на официјално наметнатите ограничувања за движењето на ресурсите помеѓу земјите, со намера да биде создадена една отворена и безгранична светска економија.[22]

Третата концепција ја има изедначено глобализацијата со универзализацијата. Во овој контекст, „глобалното“ значи „ширум светот“, а „глобализацијата“ е процес на ширење на различни објекти и искуства на луѓето во сите делови на земјата. Четвртата дефиниција ја изедначува глобализацијата со западнизацијата или модерноста, особено во „американизирана“ форма.[23] Петтата идеја ја идентификува глобализацијата како детериторијализација (или ширење на супратериторијалност). Ваквата интерпретација на глобализацијата подразбира реконфигурација на географијата, така што општествениот простор повеќе не е целосно мапиран во однос на територијалните места, растојанијата и територијалните граници. Всушност, глобализацијата е термин кој значи – „сè е поврзано со сè, многу повеќе отколку претходно“, односно, глобализацијата е процес кој се обидува да создаде помирен свет преку интеграција, а сè со цел да бидат елиминирани нееднаквостите.[24]

---

[20] Peter J. Taylor, “The state as container: territoriality in the modern world-system,” *Progress in Human Geography* 18, issue 2 (1994): 151, https://doi.org/10.1177/030913259401800202
[21] Јан Арт Шолте, *Глобализација: Критички вовед*, Академски печат, 2008, 85.
[22] Исто, стр.87.
[23] Jan Art Scholte, “*Globalisation, Governance and Corporate Citizenship*,” *The Journal of Corporate Citizenship,* no.1 (2001): 16, 17.
[24]Горан Зенделовски и Зоран Нацев, *Глобализацija: Мирот и Безбедноста*, (Скопје: Универзитет„Св.Кирил и Методиј“, 2014), 21.

## 1.3. Позитивни и негативни ефекти од процесите на глобализација

Процесот на глобализација ја има изменето сликата кога станува збор за современите односи меѓу државите, регионите и светот. Вилијамсон и неговите соработници се обиделе да објаснат зошто се случила глобализацијата, зошто завршил првиот глобализациски бум, потоа влијанието на глобализацијата и деглобализацијата на економскиот раст, распределбата на приходите и политичката моќ.

Во поширок облик, тие имаат откриено дека:

1. Глобализацијата се случила кога трошоците за транспорт многу брзо паднале, што од друга страна иницирало економски ефективно поттикнување на меѓународната трговија. Но сепак, политичкото водство било пресудно во обликувањето на глобалните институции и норми за трговијата;
2. Глобализацијата и во двете епохи имала големо влијание на растот, кое се сметало дека било нерамномерно распоредено меѓу земјите. Стиглиц тврдел дека либерализацијата на трговијата во сиромашните земји со лоша пазарна структура предизвикала пораст на невработеноста и опаѓање на продуктивноста;
3. Линдерт и Вилијамсон тврдат дека покрај очигледната корелација помеѓу глобализацијата и растечката светска нееднаквост на приходите, глобализацијата го има ублажено растот на јазот во приходите меѓу земјите заради индустријализацијата на Европа и Северна Америка;
4. Глобализацијата немала влијание на нееднаквоста во самите земји. Влијанието на процесот на глобализација зависи од ресурсите кои се специфични за поединечни земји и од одлуките на локалната политика.[25]

[25] Shuey, Robert, “ Globalization: Implications for U.S. National Security,” Every CRSReport, June 15, 2001, https://www.everycrsreport.com/reports/RL31018.html.

Генерално, како најзначајни позитивни ефекти од глобализацијата кои се поврзани со благосостојбата, мирот и стабилноста, наведени се следниве:[26]

- Поврзувањето на националните економии во глобална меѓузависна мрежа;
- Пораст на демократските процеси, општиот напредок и зголемувањето на животниот стандард;
- Намалувањето на сиромаштијата, подобрување на здравствената заштита и образованието и достапност до основните услуги;
- Подобрување на квалитетот на живот, поддршка на напредокот и слободата на индивидуата;
- Катализатор за универзализација на човековите права и слободи;
- Зајакнување на меѓукултурните врски и разбирање помеѓу народите што доведува до намалување на тензиите и појава на судир и конфликти;
- Процесот на меѓузависност придонесува за зближување на земјите и народите и влијае врз унапредувањето на глобалните безбедност и мир;
- Глобализацијата создава средина на заедништво и води кон споделување на одговорностите и обврските на земјите во нивниот придонес за решавање на проблемите кои се поврзани со безбедноста, климатските промени и слично.

Од друга страна, негативните аспекти кои ги продуцира глобализацијата се многубројни и разновидни. Демократијата и прогресот во светот го зголемија јазот помеѓу богатите и сиромашните, социјалната несигурност и општата небезбедност, и доведоа до нарушување на традиционалните вредности и интернационализација на одредени опасности како што се меѓународниот тероризам, организираниот криминал и слично. Еден од негативните аспекти на глобализацијата е создавањето на универзални вредности и стандарди преку кои поединечни земји ги промовираат ставовите и желбите за глобално владеење, преку призмата на капиталистичкиот модел.[27]

---

[26] Горан Зенделовски и Зоран Нацев, *Глобализацција: Мирот и Безбедноста*, (Скопје: Универзитет „Св.Кирил и Методиј,“2014),42-43.
[27] Held D., „*Demokratija i globalni poredak: Od modern drzave ka kosmopolitskoj vladavini*“во: *Глобализацција: Мирот и Безбедноста*, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, (2014), 44.

Најизразени негативни последици од глобализацијата се и нејзините економски влијанија кои се предизвикани од глобалните светски актери, меѓу кои се Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и Светската трговска организација. Нерамномерната распределба на финансиите и богатствата поттикнуваат дисконекција и поделеност на луѓето, државите и регионите во светот, што практично е можност глобалната интеграција да се придвижи кон регионализација и фрагментација на земјите.

Постојат одредени видувања кои сметаат дека процесите на глобализација не водат кон интеграција и хомогенизација на општествата, туку напротив, можат да ги ослабнат безбедносните, политички и економски структури што значи дезинтегративни процеси. Во таа насока Хенри Кисинџер има посочено дека и да бидат вметнати правила, тие нема да помогнат во решавањето на прашањата поврзани со глобалната безбедност за која тој смета дека е само имагинација.

Причините што ја прават новата глобалност незаменлива се: географската експанзија и зголемената густина на меѓународната трговија и глобалната мрежност на финансиските пазари и порастот на моќта на транснационалните компании, информациската револуција и комуникациската технологија, побарувачката на човекови права односно демократски принципи, промовирање на глобална културна индустрија, опасноста од растење на моќта на постнационалните, полицентричните светски политики, светската сиромаштија, глобалното уништување на животната средина и конфликтите.[28]

Но, сепак, експертите продолжуваат да дебатираат дали глобализацијата имала позитивен или негативен ефект и колку таа воопшто влијаела на промените во светот? На пример, Иван Гргуриќ истакнал дека не било потврдено недвосмисленото влијание на глобализацијата врз растот, нееднаквоста и сиромаштијата, и прашува „дали глобализацијата или отпорот кон глобализацијата се виновни за зголемувањето на нееднаквоста во светот“?

---

[28] Kissinger H., „Treba li Amerika vanjsku politiku? Prema diplomaciji za 21 stoljece“, во: *Глобализација: Мирот и Безбедноста*, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, (2014), 47-48.

Економската димензија на глобализацијата има најголемо влијание врз економскиот раст на земјите, но финансиската страна на економската димензија продожува да предизвикува многу дебати меѓу научниците.[29]

Според Фредерик Мишкин, доколку глобализацијата биде соодветно имплементирана, таа треба позитивно да влијае на сите учесници во процесот.[30] Сепак, Родрик и Субраманијан имаат спротивно мислење и тврдат дека финансиската глобализација разочарала и не го генерирала очекуваниот раст во економиите во развој и додека светската економија останува политички поделена меѓу различни суверени и регулаторни тела, глобалните финансии се осудени на деформации од домашните финансии.[31]

## 1.4. Глобализацијата како двигател на глобалните општествени промени

Глобализацијата е тесно поврзана со мултинационализмот и со меѓународната економска интеграција. Глобализацијата значи важност на стандардните процедури, слободната трговија, меѓународната хармонизација и меѓународните инвестиции. Меѓународните организации: Светската трговска организација (СТО), Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој (УНКТАД) се сметаат за важни во светската трговија и економијата.[32]

Сепак, создавањето на универзална слика од страна на поборниците на глобализацијата е причина за критичко размислување за вистинитоста на глобализацијата во современиот поредок.

---

[29] Ivan Grgurić, „Globalizacija, rast, nejednakost i siromaštvo,“*Financijska teorija i praksa* 28, no.2, (2019): 237.
[30] Frederic S. Mishkin, „Why We Shouldn't Turn our Backs on Financial Globalization,“*Frontiers of Research on Financial Globalization* 56, no.1 (2009): 140.
[31] Dani Rodrik, and Arvind Subramanian, „Why Did Financial Globalization Disappoint?,“ *IMF Staff Papers* 56, no.1 (2009): 113.
[32] Hag-Min Kim et al., "Observations of deglobalization against globalization and impacts on global business," *International Trade, Politics and Development* 4, no.2 (2020): 84.

До 1990-тата година, низ развиените општества и општествата во развој доминирала одредена мерка на глобализација и „нова глобализирана“ ориентација. Глобализацијата е и начин на живот, идеологија и идентитет.[33]

Конкретно, глобализацијата резултирала со она што Гупта и Говиндарајан го опишале како „глобален начин на размислување“ за глобална интеракција.[34] Слична траекторија е дадена од Ана-Мари Слотер која ја потврдува динамиката на „новиот светски поредок“ во кој се појавиле нови општествени трендови.[35] Во демократиите во развој, „третиот бран“ на демократијата го заменил авторитарниот еднопартиски систем со поконкурентна повеќепартиска демократија и, ги има изложено општествата во развој на широк опсег на општествени избори понудени од либерална демократија.[36]

Историските записи откриваат дека растечкиот скептицизам за глобализацијата бил неизбежен и покажуваат дека глобализацијата не била без нејзините парадокси, сложености и противречности, кои сочинуваат низа на аргументи и ги зајакнуваат дебатите за „контрахегемонистичката глобализација“.[37]

Хирст и Томпсон изнеле такво критичко размислување за вистинитоста на глобализацијата истакнувајќи ја постојаната нееднаквост во современиот меѓународен капиталистички поредок, нагласувајќи дека во однос на создавањето богатство, приходите и очекуваниот животен век голем број се исклучени од придобивките.[38]

---

[33] Hall, P., “Global City-Regions in the Twenty-first Century,” in *Global City-Regions Trends, Theory, Policy,* ed. Allen J Scott (NewYork: Oxford University Press, 2001), 59.

[34] Anil K. Gupta and Vijay Govindarajan, “Cultivating a global minset,” *Academy of Management Executive* 16, no.1, (February 2002): 17.

[35] Anne-Marie Slaughter, *A New World Order*. Princeton, (Oxford: Princeton University Press, 2004), 15.

[36] Amin Samir, “The challenge of globalization,” *Review of International Political Economy* 3, no.2 (1996): 231, doi: 10.1080/09692299608434355

[37] Peter Evans,”The New Commons vs. The Second Enclosure Movement: Comments on an Emerging Agenda for Development,” *Research Studies in Comparative International Development* 40, no.2 (June 2005): 86.

[38] Paul Hirst P., and Grahame Thompson, *Globalization in Question: The International Economy and the Possibilities of Governance,* (Cambridge: PolityPress, 1999), 34.

Контрадикторната слика за глобализацијата е дополнително нагласена од поборниците на „глобалната нееднаквост“ и дискурсите за „капиталистичка глобализација“ во новиот поредок. Валден Бело ја нагласил „кризата на глобалистичкиот проект“ којашто произлегла од неспособноста на СТО да воспостави повеќе еднаквост во глобалната трговија.[39]

Историчарот, Ралф Еперсон, го претпоставил падот на либералниот поредок и тврдел дека промената на „Новиот светски поредок“ започнала после 1989 година, односно, дека целата структура ќе била поставена до 1999 година.[40]

Ноам Чомски тврдел дека „новиот поредок“ што го заговарал Југот е во спротивност со западниот „нов светски поредок“, кој прво ги става Западот и нивната идеологија над останатите.[41] Во 2000 година, Алан М. Рагман го навестил „крајот на глобализацијата“ покажувајќи ги нејзините вродени неуспеси.[42]

Постојат аргументи во врска со глобализацијата, и во својата теза за „глобализацијата на ништо“, аргументот што Рицер го дал е дека глобализацијата служела за унапредување на интересите на општествата со високи приходи наспроти општествата со ниски приходи.[43]

Од друга страна, Родрик поставил луцидна експликација за глобализацијата со мапирање на различни економски епохи од 17 век до денес - СТО, ММФ и Светска банка и тврдел дека нациите ширум светот се во борба за да ги искористат ветувањата на глобализацијата.[44]

---

[39] Walden Bello, *Deglobalization: Ideas for a New World Economy,* (Cannada: Fernwood, 2004), 56, https://archive.org/details/deglobalizationi0000bell.
[40] Ralph A. Epperson, *The New World Order,* (Tuscon, Ariz: Publius Press, 1991), 21, https://archive.org/details/newworldorder0000eppe.
[41] Noam Chomsky, *World Orders, Old and New,* (New York: Columbia University Press, 1994), 71. https://archive.org/details/worldordersoldne00chom/page/n5/mode/2up
[42] Alan Rugman, *The End of Globalization,* (London: Random House Business Books, 2000), 41.
[43] George Ritzer, *The Globalization of Nothing,* (Thousand Oaks: Pine Forge Press, 2004), 33, https://archive.org/details/globalizationofn0000ritz.
[44] Dani Rodrik, *The Globalization Paradox: Democracy and the future of the World Economy,* (New York and London: W.W.Norton, 2011), 121.

И покрај наводната „блискост“ и „меѓуповрзаност“, Аџемоглу и Робинсон тврделе дека светот станал поблизок, но сепак толку различен, и дека таквите варијации биле причина за сиромаштија и нееднаквост.[45]

Филип Черни ја доловил суштината на овие проблеми во она што тој го нарекол „парадоксот на либерализмот во свет кој се глобализира.“[46]

Авторот Јозеф Стиглиц предложил поинклузивна и трансформативна развојна агенда за сиромашните општества наместо „развојни материјали“ од глобалниот Север. Критичарите тврдат дека глобализацијата резултира со нова меѓународна поделба на трудот што раѓа нов империјализам и глобална дихотомија Север/Југ.[47]

Питер Еванс истакнал дека глобализацијата создала хегемонија, која го унапредила интересот на индустријализираните општества и предложил модалитети за „контрахегемонистичка глобализација.“[48]

---

[45] Daron Acemoglu and James A. Robinson, *Why nations fail the origins of power, prosperity, and poverty,* (New York: Crown Publishers, 2012), 132.

[46] Cerny P. G., “The Paradox of Liberalism in a Globalising World,” in: *After Liberalism? The Future of Liberalism in International Relations,* ed. Rebekka Friedman, Kevork Oskanian and Ramon Pacheco Pardo (London: Palgrave, 2013), 23.

[47] Joseph E. Stiglitz, *Globalization and Its Discontents,* (New York: W.W.Norton, 2002), 56, https://archive.org/details/globalizationits0002stig/page/n5/mode/2up.

[48] Peter Evans,”The New Commons vs. The Second Enclosure Movement: Comments on an Emerging Agenda for Development,” *Research Studies in Comparative International Development* 40, no.2 (June 2005): 90.

# ГЛАВА II
# АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

## 2.1. Политички аспекти на глобализацијата

Глобализацијата се случува, со различен интензитет и темпо, во сите области на општествената активност.[49] Авторите Џејмс Брасет и Ричард Хигот ја имаат нагласено потребата за перманентен рефлексивен однос меѓу метатеоријата, општествената, политичката и економската теорија и политичкото дејствување на глобално ниво.[50]

Во природата и обемноста на надворешната поврзаност и натпревар, глобализацијата придвижува бројни прашања коишто служат да го политизираат глобалниот простор. Во деведесеттите години на 20 век, глобализацијата била „нормализирачки дискурс" на моќ за многу влади, што ги условило политичките одговори на перцепцијата, реалноста и на интеграцијата на глобалниот пазар.[51]

За креатор на политичката димензија на глобализацијата се смета моделот на западниот либерален политички систем. Од тука, ефектите од глобализацијата се изразени во следните трендови: (1) поттиснување на геополитиката од страна на геоекономијата; (2) мутација на меѓусебните безбедносни проблеми и (3) пораст на интензитетот на конфликтите помеѓу различни системски вредности и идеологии. Наведените трендови, имаат силно влијание и водат кон дифузија на моќта и ерозија на структурата на меѓународниот поредок.[52]

Прашањето кое се поставува е: Како да се водат процесите на унификација и поврзување на политичките системи во светот во процесот на глобализација, а притоа да не биде нарушен мирот и стабилноста на граѓаните?

---

[49] John Baylis et al., *The Globalization of the World Politics,* (New York: Oxford University Press, 2008), 78.
[50] Брасет Џејмс и Ричард Хигот, "Градејќи нормативна/и димензија/и на глобалното државно уредување", во: *Управување и отпор во светската политика*, ур. Дејвид Армстронг, Тео Фарел и Бисе Маигуашка, (Скопје: Магор, 2009), стр.33-34, 37-39.
[51] Mamba Bonginkiosi et al., "Globalisation and Conflicts: A Theoretical Approach," August 3, 2015, https://www.up.ac.za/media/shared/61/WP/wp_2015_55.zp64261.pdf
[52] Зенделовски Г. и З. Нацев, *Глобализација: Мирот и Безбедноста*, (Скопје: Универзитет „Св.Кирил и Методиј", 2014),79.

Всушност, глобалистите треба да дадат одговор на следниве четири прашања:

1. Кои ќе бидат темелните вредности врз основа на кои ќе се гради глобализираниот политички систем?
2. Кој институционален модел на демократија ќе биде соодветен?
3. Која временска динамика ќе биде оптимална со цел процесот на глобализација да биде успешен?
4. Кои и дали воопшто би се предвиделе средства и методи за спроведување на процесот на унифицирање во политичкиот сектор и кои институции ќе го следат тој процес?

Одговорот во врска со определувањето на темелните вредности околу кои ќе се градат, унифицираат, приспособуваат и поврзуваат политичките системи е: демократија, слободата и човековите права, владеење на правото, пазарна економија, принцип на поделба на власта, повеќепартиски систем, заштита на сопственоста, социјална компонента на државата и слично.[53]

Во однос на тоа кој институционалниот модел ќе биде соодветен тоа се: моделот на претседателски систем, моделот на параламентарен систем и моделот на мешовит политички систем или полупретседателски систем. Временската динамика на овие процеси има долгорочен карактер, зошто во спротивно процеси на избрзана или наметната унификација може да водат кон нови судири и нарушување на мирот и стабилноста.

Според Гоцевски, процесите на глобализација треба да се одвиваат во етапи, по региони и по одделни прашања за кои нема висок степен на конфронтација.[54] Политичката димензија на глобализацијата се однесува на принципот на државен суверенитет, растечкото влијание на меѓународните организации, како и на иднината на глобалното управување.[55]

---

[53] Philip G. Cerny, "Globalization and the Changing Logic of Collective Action" in *International Political Economy: Perspectives on Global Power and Wealth,* ed. Jeffry A. Frieden and David A. Lake, (London: Routledge, 2003), 449

[54]Трајан Гоцевски, "Унификацијата на политичките, економските и безбедносните системи, предизвик за мирот и безбедноста во услови на глобализација," во: *Глобализацијата, мирот и безбедноста*, ур, Тони Милески, (Скопје: Министретсво за одбрана на Република Македонија, Филозофски факултет, 2008), 13-26.

[55] Steger B.M., „*Globalisation-A very short introduction*", во: The Impact of Globalization on Science Policy and Research in Serbia: Values, Discoirses, and Institutions, (PhD diss., University of Belgrade, 2017), 11.

Исто така, таа се однесува на уникатноста и контрадикторноста на политиките и политичките односи кои постојат во и помеѓу државите, сојузите на државите и регионите. Глобализацијата од политички аспект се обидува да го предвиди развојот на општеството и бара начини за демократски дијалог и соработка. Исто така, има важна политичка функција во контекст на одржувањето на мирот.[56]

Кога се зборува за меѓународната сцена, неа ја сочинуваат различни актери кои имаат свои интереси и влијанија. Имено, покрај државите и меѓународните организации, тука се вклучени и транснационалните корпорации, недржавни организации, невладини организации како *Green Peace*, *Amnesty International*, групи, заедници или индивидуалци. Од тие причини, важна е улогата на државата во современи услови на глобализација, да се проникне во односот меѓу демократијата и глобализацијата и секако можните репрекусии врз мирот и стабилноста, како и улогата и значењето на меѓународните организации и недржавни субјекти.[57]

На политичко поле, создавањето на слободен светски пазар и отстранувањето на границите е можност за нов неоколонијализам. Денес транснационалните компании се заинтересирани за создавање национални влади кои ќе им бидат лојални и кои ќе ги штитат нивните интереси (капитал, трговија, инвестиции). Затоа луѓето се прашуваат дали демократијата, социјалната правда и благосостојбата се дури и компатибилни со овој вид глобализација.[58]

Процесот на глобализација е иницииран од големите и моќните за да станат уште поголеми и уште помоќни. По правило, помалите и неразвиените земји се повеќе зависни од надворешната економија отколку развиените земји и, поради оваа причина, секоја промена во светската економија има значително влијание врз економијата на една мала земја. За земјите кои се во транзиција, глобализацијата е дополнителен предизвик, и за таквите земји не е прашање дали ќе се приклучат или не, туку како и на кој начин да се приклучат.[59]

---

[56] Jagić S., i M. Vučetić, „*Globalizacijski procesi i kultura“, во:* Geografske osnove Globalizacije, Sveučilište u Zagrebu, (2018): 56.
[57] Зенделовски Г. и З. Нацев, *Глобализацција: Мирот и Безбедноста*, (Скопје: Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, 2014),78.
[58] Jelena Lončar, *Geografske osnove Globalizacije,* (Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, 2018), 57.
[59] William D. Coleman, “Globalization, imperialism and violence,” in *The Dark Side of Globalization,* ed. Jorge heine and Ramesh Thakur, (New York: United Nations University, 2011), 23.

### 2.1.1.КОНЦЕПТОТ НА ДРЖАВА ВО СОВРЕМЕНИТЕ ГЛОБАЛИЗАЦИСКИ ПРОЦЕСИ

Ниту една земја не може сама да се соочи со современите глобални и национални предизвици.[60] Токму важноста на односот држава-нација почива на легитимитетот на државата и авторитетот што дејствувал исклучиво на националната територија. Така, државата-нацијата е дефиниран со просторните граници во кои културата и јазикот го формирале идентитетот на дадената заедница. Како што се менувала и зголемувала улогата на државата со текот на времето, етичките, правните и политичките ограничувања на нејзината моќ станале построги и поконкретни.[61]

Денес, многу облици и активности на државата, особено во делот на безбедноста, пазарите, комуникациите, не може да се остварат без да бидат приклучени кон одделни меѓународни, меѓудржавни форми на соработка, учество на недржавни актери и интеграција во регионалните и глобални организации. Овие промени го определуваат модерниот облик на државата, нејзината материјална инфраструктура, надворешната улога, организациската структура и слично.[62]

Тоа зависи од изборот на државата и нивните можности за приспособување, и исто така, може да придонесат за охрабрување на самите процеси на глобализација (на пример, либерализација, слободни економски зони) или од друга страна да ја забават, со тоа што ќе задржат поголем дел од ограничувањата над својата територија. Во зависност од флексибилноста се детерминира и нивната развојна и просперитетна иднина, односно од самите држави зависи дали ќе успеат да ги материјализираат и да ги искористат соодветно поволностите.[63] Најважни елементи на кои е основана државата се територијалниот интегритет, суверенитетот и автономијата.

---

[60] Paul, T.V. "The Specter of Deglobalization." *Current History* 122, no. 840 (January 2023):3, https://doi.org/10.1525/curh.2023.122.840.3

[61] Gabrić M., i Makovac P., „Globalizacijski procesi i buduća faza razvoja kapitalizma", u: *Geografske osnove Globalizacije,* (Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, 2018), 63-67.

[62] Горан Зенделовски и Зоран Нацев, *Глобализација: Мирот и Безбедноста*, (Скопје: Универзитет „Св.Кирил и Методиј", 2014),80.

[63] Исто, стр.82-83

Парадоксот на денешниот мултиполарен свет е одбрана на демократијата во форма на политиката на суверенитет на националните држави, а од друга страна, фаворизирање на идејата за космополитска заедница која треба да се гради врз принципите на новите идентитети кои сè уште не се воспоставени и усогласени.[64]

Со оглед дека индивидуалните држави се соочуваат со цела низа на политички проблеми, според Галиќ, многу од традиционалните домени на државната активност и одговорност не можат да бидат исполнети без меѓународни форми на соработка. Според некои критичари, глобализацијата е хомогенизирачка сила која ја уништува политичката „разлика“ и способноста на националните држави да дејствуваат независно во артикулирањето и спроведувањето на домашните и меѓународните политички цели. Затоа, територијалната национална држава се соочува со криза.[65] Спротивно на тоа, Гранде смета дека глобализацијата не значи крај на политиката.[66]

Државата останува најважната сила во светската економија и игра исклучително важна улога во економскиот развој на сите земји. Сите влади, до одреден степен, интервенираат во функционирањето на пазарите и затоа обликуваат различни делови од глобалната економска карта. Зголемен е степенот на меѓусебна поврзаност во рамките на светската економија, а истото може да се каже и за светскиот политички систем, што најдобро може да се види во мрежата на меѓусебна зависност која вклучува влади, меѓународни организации и транснационални организации. Според тоа, државата е само еден дел од сложениот систем кој се совпаѓа со другите конкурентни начини на управување. Затоа, државите, во рамките на светскиот систем на различни односи на моќ, функционираат на различни географски нивоа.[67]

---

[64] William Marling, “Globalisms: Imaginary and Real,” *American Studies* 41, no.2/3 (2000): 330.
[65] Galić, B., „Globalizacija, okoliš i novi identiteti u postmodernoj kulturi, “u: *Geografske osnove Globalizacije,* (Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, 2018),64.
[66] Grande, E., „Od nacionalne države do transnacionalnog režima politike – državna upravljačka sposobnost u globalizacijkom razdoblju,“ u: *Geografske osnove Globalizacije,* (Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, 2018),64.
[67] Исто, стр.66.

### 2.1.2. СУВЕРЕНИТЕТОТ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Кога станува збор за автономија заснована на национална ексклузија и суверенитет заснован на транснационална инклузија, глобализацијата и суверенитетот одат рака под рака.[68] Глобализацијата го релативизира традиционалниот поим за суверенитет бидејќи произлегува од новото разбирање на територијалноста и прекуграничните активности, како и меѓудржавните и наднационалните интеграции. Според некои теоретичари, процесот на глобализација силно влијае на денационализацијата на општеството, при што државата губи некои од своите атрибути на суверенитет, а дел од својот суверенитет пренесува на други политички субјекти.[69] Во тој контекст, се смета дека постои голема опасност за суверенитетот на државата, во смисла на отсуство на механизми на дејствување на некои значајни сегменти, каде што моќта на државата практично е еродирана.[70]

Врската помеѓу суверенитетот и глобализацијата е многу важна бидејќи се почесто се случува мешање во внатрешните работи на државите од страна на други држави или меѓународни авторитети. Целта на државите е да ги штитат сопствените национални интереси. Денес се присутни поинакви облици и форми на нарушување на суверенитетот, како што е примерот кога некои земји, заради одобрување финансиски средства од Меѓународниот монетарен фонд или од Светската банка, се принудени да ги прифатат политичките и институционални реформи во земјата.[71]

---

[68] Petkov Matej i Bojan Prkačin. "Povezanost globalizacije i demoktacije." *Zbornik sveučilišta Libertas, 9 (2023): 245-258.*https://doi.org/10.46672/zsl.8.9.16

[69] Jelena Lončar, *Geografske osnove Globalizacije,* (Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, 2018), 66.

[70] Helena Krnetić, „Globalizacija i suverenitet", *Svarog,* br.18 (Maj 2019): 127-128.

[71] Горан Зенделовски и Зоран Нацев, *Глобализација: Мирот и Безбедноста*, (Скопје: Универзитет „Св.Кирил и Методиј", 2014),85,87.

### 2.1.3. Односот меѓу глобализацијата и демократијата

Последиците од влијанието на процесите на глобализацијата, во смисла на новите опасности создадени од либерализацијата на пазарите и услугите кои придонесоа за појава на одделни системски нееднаквости и нови форми на незадоволство и судири, предизвикани од невработеноста, сиромаштијата и слично, се рефлектираат и врз демократијата, почнувајќи од дерогирање на државниот суверенитет, самоопределувањето на народите, менувањето на свеста и начинот на однесување на луѓето.[72]

Со оглед дека се разгледани сите методи за поврзување на „глобалното" со „демократијата", демократијата е претставена како значаен политички фактор кој влијае на глобализацијата, но и спротивно, процесите на глобализацијата имаат силни консеквенци врз демократијата.[73]

Глобализацијата истовремено ја ограничува и унапредува демократијата, но она што се забележува е дека демократијата е повеќе сензитивна од ефектите на глобализацијата, отколку обратно. Глобализациските процеси имаат помогнато во преминувањето на границата од недемократски режими во демократски, но од друга страна имаат предизвикано промени во начинот на управување преку вклучување на граѓаните во политичките процеси и во одлучувањето. Она што недостасува е демократизација на процесите на глобализација. Се смета дека тоа треба да претставува регулатор на пазарите и услугите, но и да биде коректор на социјалната нееднаквост, несигурноста и неправдата. Од тој аспект, економската глобализација може да биде дестабилизирачка и да продуцира повеќе анархија отколку демократија.[74]

---

[72] Исто, стр.96

[73] Исто, стр.95-96

[74] Исто, стр. 103

### 2.1.4. Глобализацијата и меѓународните актери

Улогата и функцијата на меѓународните организациии на глобалната сцена е различна и истите се поделени во две групи. Првата група ја сочинуваат формални или транснационални меѓународни организации базирани на меѓународен договор како што се ООН, Светска банка и НАТО. Тие се основани и создадени од страна на суверени држави и функционираат врз формален легитимен договор поткрепен со нормите на меѓународното право. Втората група организации имаат неформална соработка, немаат легитимитет и се создадени од страна на разни недржавни субјекти и немаат механизам на присила. Таков вид организација е Меѓународната организација за стандардизација (ISO). Динамичните процеси на глобализација имаат придонесено организациите во меѓународните односи да се здобијат со моќ, со цел да ја зголемат соработката и меѓузависноста (економска, политичка, социјална, технолошка) и да помогнат во решавањето и превенцијата на меѓународните конфликти и судири и на тој начин да обезбедат или помогнат во безбедноста и одбраната на државите.[75]

Урлих Бек ги има класифицирано меѓународните актери во три категории:

- Држави;
- Светско економски актери, и
- Актери на глобалното цивилно општество.

Според него, глобализацијата е таа која ја менува и ја дефинира арената на колективно дејствување, а организациите се тие кои дејствуваат надвор од меѓународните институции. Транснационалните компании (ТНК) се сметаат за основа на меѓународната економија и за носители на тековите на глобализацијата, и за нив не постојат дефинирани правила на односи, што на некој начин им овозможува дополнителна слобода и простор на дејствување. Меѓу глобалните актери наведени се неформалните групи како Г-7, Г-20, Г-77, кои имаат значајна улога во решавањето на глобалните проблеми.

[75] Исто, стр.104-105

Особено е истакната улогата на Групата седум, чии земји членки се сметаат за одговорни за решавање на проблемите поврзани со глобализираната сиромаштија, климатските промени, тероризмот, глобалната економска рецесија и слично. Од друга страна, Г-77 ги претставува интересите на земјите во развој и е помалку функционална, со ограничени можности за дејствување, бидејќи нема соодветен начин за политичка акција и промоција на земјите од оваа група.[76]

### 2.1.5. ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ПОЛИТИЧКИТЕ ОДЛУКИ И ИНСТИТУЦИИ

За степенот на глобализација и за начинот на кој општеството се справува со пазарните резултати од економската глобализација клучни се политичките одлуки и институционалните аранжмани. Степенот на глобализација е обликуван со политички одлуки кои промовираат или попречуваат економско прекугранично поврзување.[77]

Во прилог се презентирани неколку примери за улогата на политичките одлуки и поврзаните институции:

- Од клучно значење за големината и структурата на меѓународната трговија со стоки и услуги е одлуката на земјата да ги намали увозните тарифи и нетарифните трговски бариери. Пониските трговски бариери го зголемуваат поттикот за трговија со други земји. Ваквите одлуки се во рацете на националните влади и парламенти (во случајот со Европската Унија, овие национални надлежности се префрлени на ЕУ). Важна глобална институција која помага да се намалат трговските бариери преку преговори е Светската трговска организација (СТО). Дополнителни инструменти на трговската политика се билатерални или регионални договори за слободна трговија кои се користат за намалување или дури и за отстранување на тарифните и нетарифните бариери во трговијата.

---

76 Исто, 104-109

77 Ferdi De Ville, "The End of Globalisation as we Know It," *Ghent University,* March, 2022, https://www.ugent.be/ps/politiekewetenschappen/gies/en/research/publications/gies_papers/2022-ukraine/the-end-of-globalisation-as-we-know-it.

На пример, според „Извештајот за глобално трговско предупредување“ (Global Trade Alert Report) на Центарот за истражување на економската политика (CEPR), членките на Г20 спровеле околу 6 600 протекционистички мерки помеѓу ноември 2008 и јуни 2017 година;

- Истото се однесувало и на одлуката за намалување на капиталните контроли што националните влади ги користат за регулирање на приливот и на одливот на капитал. Тесно поврзани со контролата на капиталот се девизните контроли и дизајнот на девизните пазари;
- Важно ограничување на меѓународните миграциски текови се имиграциските регулативи на одделни земји. Укинувањето на овие ограничувања, како што е случајот со основните слободи на европскиот внатрешен пазар, треба да ја зголеми прекуграничната миграција меѓу земјите на ЕУ.

Покрај обликувањето на глобализацијата, политичките одлуки и институционалните аранжмани се одлучувачки фактори за тоа како општеството се справува со резултатите од глобализацијата, особено како општеството сака да ги коригира пазарните резултати што ги генерира глобализацијата.[78] Исто така, тие одредуваат дали луѓето кои се негативно погодени од пазарните процеси во глобализираниот свет ќе бидат губитници на глобализацијата или не. Во случај на силна социјална држава, економските и социјалните политики можат да ја компензираат загубата на приход на оние луѓе кои ги губат своите работни места поради меѓународната конкуренција.[79] Сепак, она што е истакнато е дека поради растечката глобализација, националните капацитети за управување со последиците од глобализираниот свет се ограничени. Пример за вакво ограничување е трилемата на светската економија на Дани Родрик, кој тврди дека мобилноста на капиталот, производите и трудот не може да се комбинираат со демократски системи и негативните ефекти од глобализацијата бараат владина интервенција за стабилизирање на ваквиот процес кој треба да биде фер за сите.

[78] Ron Rogowski, and Thomas Flaherty, “Globalization, Top-Heavy Inequality, and Anti-Elite Populism: What (If Any) Are the Links,” *Iq Harvard,* October 2019, https://www.iq.harvard.edu/files/harvard-iqss/files/lio_october_harvard.pdf

[79] Sinan Ülgen, and Ceylan Inan, “ From the Local to the Global: The Politics of Globalization,” in *Rewiring Globalization*, ed. Sinan Ülgen et al., (Washington: Carnegie Endowment for International Peace, 2022), 11.

## 2.2. ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

На преминот од 20 кон 21 век бил засилен научниот интерес за предизвиците што ги носат процесите на глобализација при различни кризни ситуации, притоа поттикнувајќи теоретски и методолошки истражувања во прогнозирањето, анализата и моделирањето. Распространетоста на современите кризи, почнувајќи од војувањето и пандемијата КОВИД-19 до потрагата по национално самоопределување, глад, диспаритет во приходите и еколошки, енергетски, суровини, храна и демографски потешкотии, сведочат за состојбата на криза со која се соочи современиот свет.[80]

Овие повеќекратни потешкотии ги поттикнале претпоставките дека економскиот раст во 21 век ќе биде одржлив, но ќе исцрта нови насоки, карактеризирани со квалитативни промени во услугите, дигитализацијата и трансформациите во научниот и технолошкиот напредок.[81]

Она што ја има детерминирано глобализацијата е консолидацијата на националните економии и општества во регионални рамки, одливот и протокот на поларизација на приходите поврзани со зголемената продуктивност, брзата мобилност на капиталот, шпекулациите поттикнати од финансиските елити и парадоксалната динамика помеѓу виртуелните и реалните економски сектори.[82]

Глобализацијата, во економска смисла, е процес во кој се намалуваат или целосно се укинуваат пречките во меѓународната економска размена и се зголемува економската интеграција меѓу земјите. Тоа е процес на поврзување на индустриските и финансиските активности на светскиот пазар, заснован на научно-технолошката и информациско-комуникациската револуција.[83]

---

[80] "World Trade Report 2023," *World Trade Organization*, January, 2024, https://doi.org/10.30875/9789287074102
[81] Layna Mosley and B. Peter Rosendorff, "Overview," in *The Backlash against Globalization: What's Next? A Report from the Niehaus Center for Globalization & Governance,* 3-5. Princeton University, 2022.
[82] Eric L. Knutzen, „Ukraine and the Path to Deglobalization." Neuberger Berman, July, 2022. https://www.nb.com/en/global/insights/cio-weekly-perspectives-ukraine-and-the-path-to-deglobalization
[83] "Preventing Deglobalization: An Economic and Security Argument for Free Trade and Investment in ICT," *U.S. Chamber of Commerce*, July 30, 2024, https://www.uschamber.com/assets/archived/images/documents/files/preventing_deglobalization_1.pdf

Според Манфред Б. Штегер, економската глобализација се однесува на интензивирање и проширување на економските врски низ светот.[84] Познатиот француски економист Морис Алејс замислил исход што ќе се карактеризира со невработеност, опаѓање на економскиот раст, нееднаквост и сиромаштија - перспектива која покренала прашања за неопходноста и посакуваноста на глобализацијата.[85]

Оваа дихотомна природа на глобализацијата, која има и позитивни и негативни последици за светската економија, се покажала како ерозија на суверената, економската, политичката и енергетската независност меѓу народите. Во исто време, зголемувањето на присилната миграција и ескалацијата на невработеноста дополнително ги нагласиле сложените последици од глобализацијата. Денес, пример за врвот на глобализацијата се финансиската и инвестициската сфера.[86]

Исто така, авторот ја нагласил глобализацијата и појавата на „големи меѓународни финансиски и деловни центри“ (како што се Париз, Франкфурт и Хонг Конг) на врвот на глобалните мрежи и градовите во земјите во развој, особено, (Бангкок, Сеул и Мексико), кои имаат пошироко влијание на финансиските пазари, трговијата со услуги и на инвестициите.[87]

Суштина во она што Панич и Гиндин го имаат наречено создавање на „глобален капитализам“ било разбирањето за политичката економија на американската империја. Таквиот аргумент ги промовирал либералните идеали и идејата дека „глобализацијата владее со светот.“[88]

Токму, во 21 век биле идентификувани неколку промени и ветувања на глобализацијата, како што била глобалната врска Север/Југ во економската рецесија по 2008 година и подемот на Кина.

---

[84] Manfred B. Steger, *Globalization: A Very Short Introduction,* (United Kingdom: Oxford University Press, 2020), 52.

[85] Mauro F. Guillen, “Is globalization civilizing, destructive or feeble? A critique of five key debates in the social scienec literature.” *Annual review of sociology* 27, no.1 (2001):241, https://www.jstor.org/stable/2678621.

[86] A.K.M. Jamal Uddin et al., “Globalization and Resistance: An Anti-capitalist Manifesto,” *Society & Change* 4, no.3 (July-September 2010): 7.

[87] Guy Robinson,“Research in Globalization: Editor-in-Chief’s introduction,” *Research in Globalization* 1, no.2 (December 2019): 2, http://dx.doi.org/10.1016/j.resglo.2019.100001

[88] Manfred B. Steger, *Globalization: A Very Short Introduction,* (United Kingdom: Oxford University Press, 2020), 52.

Кога станува збор за тоа кои се ефектите од економската глобализација на растот, интензивирањето на економската глобализација меѓу две индустриски развиени земји значи намалување на трговските бариери, односно царините и нетарифните трговски ограничувања.

Ефектите на раст во голема мера се резултат на зголемената прекугранична трговија меѓу вклучените земји, за возврат, тоа зголемување е резултат на намалувањето на трговските трошоци. Дополнително, економската интеграција води и до зголемување на иновациите и продуктивноста, што генерира намалување на трошоците за производство и на цената на предметните стоки (ефекти на динамичен раст).[89]

## 2.3. Социјални аспекти на глобализацијата

Со оглед дека денешната реторика за глобализацијата е заснована на слободната трговија, демократијата и слободата, следи прашањето: Дали социјалните нееднаквости се ублажуваат или сѐ повеќе се продлабочуваат и го водат светот кон социјална експлозија која ќе се одрази врз мирот и врз стабилноста?

Според некои економисти, причината за сиромаштијата се наоѓа во неприфаќањето на моделот на капиталистички либерален систем и вредностите на либералната демократија, но и поради начинот на кој се спроведува глобализацијата.

За други тој недостиг од технолошки развој, иновации или недозволување на сиромашните земји да го прават она што го прават развиените богати земји.[90] Главните причини за сиромаштијата и нееднаквоста се што повеќето неразвиени земји и региони немаат никаква придобивка од времето на индустриската ера, а уште помалку од информатичката ера.[91]

---

[89] Richard Higgot and Simon Reich, "The age of fuzzy bifurcation: Lessons ftom the pandemia and the Ukraine War," *Global Policy,* 13 (2022): 627-639, doi: 10.1111/1758-5899.12141

[90] Горан Зенделовски и Зоран Нацев, *Глобализација Мирот и Безбедноста*, (Скопје: Универзитет Св.Кирил и Методиј,2014), 133-134.

[91] Исто, стр.140

Констатираните нееднаквости се однесуваат на следново:

- Постои структурна глобална нееднаквост во однос на региони, земји, и луѓе;
- Доминираат само високоразвиените земји, кои управуваат со глобализацијата;
- Подредените земји и народи се целосно или делумно маргинализирани во повеќе области, а најмногу во делот за донесување одлуки за глобалните прашања;
- Постои изразена нееднаквост во однос на добивката и профитот од процесите на глобализацијата и
- Недостаток кој ќе придонесе владите и нациите да бидат повеќе себични, настојувајќи да приграбат за себе повеќе моќ, статус, територија, безбедност, и слично.

Оттука, се смета дека социјалните разлики се застапени и во развиените и во неразвиените земји. Трендот на немири и насилства е резултат на диспаритетот помеѓу сиромашните и богати класи кои живеат во разни делови или заради процесот на глобализирана гетоизација на земјите.[92]

## 2.4. Причини за критика на глобализацијата во развиените економии

Постојат многу причини за критика на глобализацијата во напредните економии поради падот на минималните социјални стандарди, зголемување на социјалната нееднаквост, губење на националниот суверенитет и друго. Според Тис Петерсен, растечката критика на глобализацијата во суштина е последица на прашањето за глобалната распределба на приходите и богатствата. Ако се отворени границите за меѓународна размена на стоки, услуги, труд, капитал и технологии, тоа ќе значи промена на нивото на недостиг на ресурси, што од друга страна ќе значи промена на цените.

Принципот на економска конвергенција важи и за цените на факторите на производство, односно трендот на економска конвергенција значи дека разликите во приходите во однос на помалку развиените економии стануваат сè помали.

[92] Исто, 142-143

Растот на БДП по глава на жител изразен во апсолутни вредности е повисок во напредните економии отколку во земјите во развој. Но тоа не значи дека сите во општеството имаат корист од глобализацијата - постојат одредени групи и региони во секоја земја чии приходи се намалуваат поради глобалната поврзаност на светот.[93]

Причините кои се наведени се однесуваат на фактот дека:

- Постојат ограничувања кои ја ограничуваат миграцијата на работна сила од помалку развиените земји;

- Истото важи и за конкуренцијата на земјоделски производи од развиените земји и земјите во развој, бидејќи таквите земјоделски производи генерално се оптоварени со повисоки увозни давачки од индустриските производи, а напредните економии уживаат далеку поголема конкурентска предност за индустриските производи отколку за земјоделските производи. Ако економската глобализација се интензивира, тоа ќе значи отстранување на овие ограничувања, но од друга страна може да доведе до зголемен ризик од пад на приходите и материјалниот просперитет на граѓаните во развиените економии.

Друг главен поттик за растечката критика на глобализацијата е избувнувањето на економската и финансиската криза во 2008 година. Во комбинација со неефективното регулирање на глобалните финансиски пазари и експанзивната монетарна политика на многу напредни економии во периодот од 2001 до 2005 година, финансиската глобализација овозможува големи приливи на капитал, прекумерен кредитен бум и „меурчиња" на цените на средствата. Поради фактот што постојат многу канали за пренос помеѓу финансискиот и реалниот сектор на економијата, кризата на финансискиот пазар има предизвикано рецесија во многу земји – особено во напредните економии.[94]

---

93 Thieß Petersen, "5 Ways for the EU to Respond to how Deglobalization and the War in Ukraine Are Destroying Prosperity," *Global Europe,* August 19, 2022, https://globaleurope.eu/globalization/5-ways-for-the-eu-to-respond-to-how-deglobalization-and-the-war-in-ukraine-are-destroying-prosperity/.

94 "The Costs and Benefits of Globalization-Do the benefits of globalization outweigh the costs?," OECD, May 31, 2007, https://doi.org/10.1787/9789264034259-5-en

Значајни се следните три аспекти на финансиската криза:[95]

1. Беспомошност пред анонимните, глобализирани пазарни сили, што . предизвика брановите на локалниот настан многу брзо да ескалираат во светски шок-бран, поради што националните влади не можеле да дејствуваат со помош на економијата и банките, кои чинат милијарди и се финансираат со заеми;

2. Во 1980-тите, многу влади на напредните економии ги напуштиле своите претходни политики на страната на побарувачката (кејнзијански економски политики) и се префрлиле на политиките на страната на понудата (на пример „Регономика" и „Тачеризам") за кои глобализацијата често се користела како изговор, на пример кога политичари тврдат дека земјата мора да стане поконкурентна на светските пазари. Токму политиката на понудата била една владејачка парадигма на економската политика во многу напредни економии. Еден елемент на оваа политика се состоел во намалување на даноците, што значело помали социјални трансфери. Фактот дека, по неколкугодишни кратења на јавната потрошувачка и на социјалните бенефиции поради политиките на страната на понудата, наеднаш биле достапни милијарди во готовина за спасување на банкарскиот и финансискиот систем кој во голема мера бил одговорен за започнување на банкротот на Леман, имаат доведено до критики на владините политики и глобализацијата;

3. Зголемената конкуренција со добавувачите од земјите со ниски плати (особено од Азија и Источна Европа), зголемената невработеност по банкротот на Леман и притисокот врз платите поврзани со овие настани биле главните причини за фактот што пазарните приходи на приватните домаќинства во многу развиени економии биле пониски во 2014 година, отколку во 2005 година.[96]

---

[95] Ивана Ј. Мицић и Јелена В. Крстић Ранђић, "Процес Глобализације – Добре и Лоше Стране," *Економски погледи* 23, 2 (2021): 101.

[96] Jeffrey A. Williamson, "Globalization and Inequality, Past and Present," in *International Political Economy: Perspectives on Global Power and Wealth,* ed. Jeffry A. Frieden and David A. Lake, (London: Routledge, 2003), 413.

## 2.5. Процесите на регионализација и фрагментација

### 2.5.1. Регионализација и глобализација

Литературата за глобализацијата се фокусира на сложените трендови надвор од исчезнувањето на границите, финансирањето, комуникацијата, хомогенизацијата на културата до посуштински расправии за процесите на регионализација и фрагментација. Регионализацијата подразбира развој на политички, економски, безбедносни и воени институционални интеграции во одреден географски регион во кој народите и земјите можат да ги обединат и споделат заедничките интереси. Но, регионализацијата придонесува и за промена на внатрешните структури на државите со цел да ги подготви за присоединување и вклучување кон стратегијата за развој и заштита на регионот.

Одговорот на прашањето: Дали регионализацијата е спротивен процес на глобализацијата или е процес кој води кон глобализацијата? – е дека глобализацијата и регионализацијата се два главни интегрални процеси кои во многу аспекти меѓусебно се преклопуваат, но и се разидуваат. Регионалните интеграции за државите се средство преку кое тие може да стекнат моќ и тоа преку разни облици на заедничко дејствување и активности, насочени кон одбегнување на финансиски кризи, борба против тероризмот, надворешна агресија, кршење на човековите права и слободи и друго.[97]

Врз основа на претходните видувања за односот на регионализацијата и глобализацијата наведени се следниве релации се надополнување во смисла на:[98]

1. Регионализацијата како компонента на глобализацијата. Регионализацијата подразбира конвергентен тренд, кој ќе ги засили силите во процесот на глобализација, и на тој начин националните економии ќе бидат повеќе конкурентни на светскиот пазар. Од друга страна, преку либерални примеси на соработка и отвореност на локалните економии, регионалните интеграции ќе водат кон мултилатерална соработка на глобално ниво;

---

[97] Горан Зенделовски и Зоран Нацев, *Глобализација: Мирот и Безбедноста*, (Скопје: Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, 2014), 51-52.
[98] Исто, стр.53

2. Регионализацијата како предизвик на глобализацијата. Дивергентен однос заснован на регионална хармонија на интереси кој ќе доведе до создавање на алтернативен плуралистичен светски поредок. Исто така, формирањето на регионите ќе биде мотив за прифаќање на единствена универзална регионална култура и идеологија, која е спротивна од недемократските и аморфни правила на глобализацијата;
3. Регионализацијата и глобализацијата како паралелни процеси. Создавањето на ваквиот карактеристичен однос се должи на глобална безбедносна арена која е независна и комплексна, што значи дека е тешко да се одреди постоењето на безбедносните ситуации и предизвици, надвор од севкупната димензија на глобалната безбедност.

Денес, регионалните интеграции се сметаат за моќен инструмент на државите за да се справат или да управуваат со негативните последици од глобализацијата.[99]

### 2.5.2. Фрагментација и глобализација

Процесот на фрагментација е поттикнат од различни поединечни или групни интереси. Причините за фрагментација се наоѓаат во распаѓањето на економските и политички системи, и во порастот на национализмот,[100] но најчесто се наведени демографските, технолошките, геополитичките, економските, социо-културните и еколошките односно како што има кажано Робертсон „фрагментацијата не е само реакција на глобализацијата, туку нејзин аспект и креација."[101]

Провејува дилемата дали фрагментацијата е процес или состојба која е производ од глобализацијата и дали таа е позитивна или негативна последица?

---

[99] Исто, стр. 54
[100] Amavilah Voxi, Simplice A. Asongu, and Antonio R. Andres, "Effects of globalization on peace and stability: Implications for governance and the knowledge economy of African counries," *SSRN,* January, 2017, https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=2955659
[101] Исто, стр,63

Одговорот на прашањето е поврзано со видувањето на Робертсон, кој има кажано дека глобализацијата е сложена интеракција на глобализирачките и локални тенденции, синтеза од партикултурните и универзалните вредности, двостран процес кој вклучува заемност на универзализацијата на партикуларизмот и партикуларизација на универзализмот. На фрагментацијата се гледа како на процес кој има негативна содржина и предизвикува нестабилност.

Процесите на глобализацијата се главниот виновник за дезинтеграцијата од кои технолошките и економските достигнувања го овозможиле протокот на информации, капитал, добра и услуги. Ваквите текови имаат придонесено за ерозија на границите, ослабување на државите, одземање на суверенитетот и генерирање на спротивни реакции и незадоволства кај одредени заедници и групи. Без разлика на степенот на развој на државите, на Земјината топка не постои место кое не било зафатено со процесот на дезинтеграција по разни основи.[102] Почетокот на 21 век бележи нови дезинтегративни процеси како пандемијата КОВИД -19 и руската инвазија на Украина.

За да се адаптира државата на процесот на глобализација, таа треба да ја интегрира националната економија за да конкурира на светскиот пазар, додека од друга страна, процесот на фрагментација ја води во спротивна насока, принудувајќи ја да создаде конкуретност на сопствената економија на национално ниво.[103]

Во иднина, процесот на фрагментација се смета дека може да претставува ризичен и контрадикторен феномен кој ќе ја забави динамиката на глобализацијата. Но, за некои земји процесот на фрагментација делува просперитетно. На пример, на некои источноевропски земји и народи им има донесено можност да стекнат поголема моќ во меѓународните односи. За разлика од нив, западните земји со висок степен на економски развој и ниво на демократија имаат вложено дополнителни средства и напори, за да го потиснат незадоволството кај заедниците, и да ги одвратат од идејата за самоопределување и дезинтеграција на државата.

---

[102] Исто, стр.64

[103] Vidojevic Z., *„Kuda vodi globalizacija“*, во: *Глобализација: Мирот и Безбедноста*, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, (2014), 66.

Останува да се види дали ќе надвладеат силите на интеграција, меѓузависност и градење на мултикултурализам, или, пак, силите на фрагментација, гладот за идентитет и борбата за освојување територии.[104]

[104] Clark I., „Globalization and Fragmentation: International Relations in the Twentieth Century", во: *Глобализација: Мирот и Безбедноста*, Универзитет „Св.Кирил и Методиј", (2014), 69.

# ГЛАВА III
# ТЕОРЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДЕГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

## 3.1. Генеза на деглобализацијата

Додека економиите се борат да се справат со новите предизвици што ги носи глобализацијата, забележани се зголемени притисоци за забавување или враќање на интеграцијата, ослободување од меѓузависноста и повлекување во поделен и пофрагментиран свет.[105]

Глобализацијата не е процес што бил присутен само во модерниот период, таа е долгоречен процес кој го следи развојот на светот. Првиот бран на глобализацијата, според О'Рурк и Вилијамсон е периодот на колонизација од 1870-тите до Првата светска војна. Атланските земји, покрај своите ресурси со колонизацијата започнале да ги користат и надворешните ресурси. Со откривањето на Новиот свет, индустријализацијата на Велика Британија, колонизацијата и евтината работна сила, довеле овие земји да ги надминат големите земји, како Португалија и Шпанија.

Англичаните оваа ера ја имаат наречено ера „Големиот викторијански бум“, или „Златно доба“, но економската литература ја дефинира како „либерален период на слободна трговија со златен стандард“. За време на Првата светска војна, земјите западнале во економски проблеми поради војната, и освен САД ниедна земја немала доволно злато за да ги покрие трошоците на војната. Првиот бран на деглобализација започнал со овој процес и продолжил во периодот на Големата депресија и протекционистичките политики за време на Првата и Втората светска војна (Табела 1).[106]

---

[105] “World Trade Report 2023- Re-globalization for a secure, inclusive and sustainable future,” World Trade Organization, https://www.wto.org/english/res_e/booksp_e/wtr23_e/wtr23_e.pdf

[106] Deniz Sevinç et al., “How does deglobalization affect economic growth?,” *Journal of Research in Economics, Politics & Finance* 8, no.1 (2023): 3-4, https://doi.org/10.30784/epfad.1255549

Табела (1). Бранови на глобализација и деглобализација

| Тип на бран | Времетраење | Опис | Економија | Финансиска Архитектура |
|---|---|---|---|---|
| Глобализација I | 1870-1914 | Колонизација | Бум | Златен стандард |
| Деглобализација I | 1914-1946 | I и II Светска Војна | Пад | Голема депресија, Протекционизам |
| Глобализација II | 1946-1973 | Слободна трговија | Бум | Бретон Вудс |
| Глобализација III | 1980-2009 | Капитална мобилност, Дерегулација | Бум | Генерализиран проток на капитал |
| Деглобализација II | 2009- | Голема рецесија: Трампизам, Брегзит, Миграција, Трговска војна, Пандемија | Делумна рецесија | Финансиски протекционизам и ренационализација |

Извор: Deniz Sevinç, et al., How does deglobalization affect economic growth, (2023)

Почетокот на Првата светска војна во 1914 година го означил крајот на првата ера на глобализацијата и почетокот на тридецениската деглобализација. Помеѓу 1929 и 1932 година, бил забележан пад за речиси една третина во обемот на светската трговија со резултати кои биле колективно и индивидуално катастрофални (Слика 1). Овој неуспех да се соработува за голем број прашања, всушност помогнал да се отвори патот за започнувањето на Втората светска војна, кој се смета за најразорен период во фазата на деглобализација на светот.[107]

По Втората светска војна, започнал периодот на реглобализација, односно, земјите влегле во вториот бран на глобализација, кој требал да биде изграден на основа на нови идеи, вредности и институции.[108] До почетокот на 1980 година, глобалната трговска интеграција била на нивото што го достигнала во 1914 година, а зад оваа интеграција била трговската либерализација во напредните економии.[109] Централно место во таквите настојувања имале Соединетите Американски Држави, како доминантна економска сила.

---

[107] Christopher J. Hayes, “ Power and Trust: Analysis of the Effects of Deglobalisation and Financial Technology in the United Kingdom, United States and European Union,” (PhD diss., University of Hull, 2021), 23.

[108] Elaine Farndale et al., “Deglobalization and talent sourcing: Cross-national evidence from high-tech firms.” *Human Resource Management* 60*,* issue 2 (March/April 2021):259, https://doi.org/10.1002/hrm.22038.

[109] Escaith Hubert, “From Hyper-globalization to Global Value Chains Decoupling: Withering Global Trade Governance?,” *Munich Personal RePEc Archive Paper,* no.115471, (November 2022): 17.




Слика (1). Големиот колапс на светската трговија, 1929-1932 година

Извор: Deniz Sevinç, et al., How does deglobalization affect economic growth, (2023)

Со оглед на фактот дека изолацијата на САД била главната причина за слабоста и нестабилноста на меѓународниот систем помеѓу двете војни, во дадената ситуација САД донеле одлука да одиграат токму спротивна улога, и заедно со своите сојузници, ја развиле идејата за видот на систем кој ќе им е потребен, врз основа на лекцијата од минатото.[110]

Прво, системот требал да биде отворен, инклузивен и мултилатерален. Второ, би се темелел на правила, а не на моќ, со цел да биде избегната економската анархија, несигурноста и ривалството во меѓувоениот период. Трето, тоа требало да ја урамнотежи потребата за глобална економска интеграција и четврто, би го поддржале новите меѓународни организации – Меѓународен монетарен фонд (ММФ), Светска банка и Општиот договор за царини и трговија (GATT).[111]

---

[110] Christopher Chase-Dunn et al., "Waves of Structural Deglobalization; A World-Sustems Perspective," *Soc. Sci.,* no.12 (2023): 13, https://doi.org/10.3390/socsci12050301

[111] Altaf Hussain Padder, "An economic analysis of trade war and deglobalization in current international relations within the paradigm of globalization," *Theoretical and Applied Economics* 30, no.1 (March 2023): 220, http://dx.doi.org/10.5281/zenodo.7771288

Највпечатлива карактеристика на ваквиот систем било унапредувањето на глобалниот раст, развој и напредок, во која целиот свет ќе може да оствари просперитет како клучен предуслов за траен мир или како што има кажано Теодор Рузвелт „Не може да успееме да изградиме мирен свет ако не изградиме економски здрав свет.“ Иако до 1945 година не постоел зборот „глобализација“, тој точно го опишува видот на отворена меѓусебно зависна „едносветска“ економија која се обиделе да ја изградат повоените архитекти. За време на третиот бран на глобализација, центарот на економијата почнал да се движи од САД и Северна Европа во земјите од Источна Азија – Пацификот.[112]

Меѓутоа, кога се случил падот на берзата во 1929 година, светот бил втурнат во Големата депресија, означувајќи го почетокот на периодот на деглобализација во 1930 година.[113] Големата депресија сериозно ги погодила домашните економии и она што останало од глобалната економија, дополнително одвојувајќи ги нациите една од друга.[114]

Од слика 2, може да се види дека периодот од 1990 до 2008 година ја вклучува хиперглобализацијата. Но, финансиската криза од 2008 година, трговските војни, обесправената средна класа во напредните економии и зголемената загриженост за прекумерното потпирање на трговијата со поединечни партнери довеле до периодот на „бавна бализација“ што водело до деглобализација.

[112] Neil Dias Karunaratne, “The globalization-deglobalization policy conundrum,” *Modern Economy* 3, no.4, (Jun 2012): 374.
[113] Mara Ruzana, “History of globalization,” *Annals of the Constantin Brancusi Universiry of Targu Jiu, Letters and Social Sciences Series*,issue 1, (2015): 77.
[114] Virág Rab, “Could Deglobalization Kill Transnational Cooperation? A brief Historical Lesson,” *Journal of Global Awareness* 1, no.2, (2020):4.




Слика (2). Периоди на (де)глобализација

Извор: Christian Keller and Renate Marold, "Deglobalization: wath you need to know," (2023)

Неодамнешните нарушувања во глобалните синџири на вредност, како што се пандемијата на КОВИД-19, војната во Украина, растечките идеолошки разлики и зелената транзиција, ги поттикнаа владите и корпорациите да размислуваат за надворешните зависности. Енергетиката е клучен сектор што треба да се набљудува во однос на глобализацијата и деглобализацијата.[115] Потпирањето на Европа за енергија од Русија ја изложи кревкоста на глобалниот систем за снабдување и за можните ефекти од деглобализацијата врз ефикасноста, инфлацијата, нееднаквоста, стабилноста и мирот.[116]

[115] Christian Keller and Renate Marold, "Deglobalization: wath you need to know," World Wconomic Forum, January 17, 2023, https://www.weforum.org/agenda/2023/01/deglobalisation-what-you-need-to-know-wef23/

[116] Pinelopi Goldberg and Tristan Reed, "Is the Global Economu Deglobalizing? And if so, why? And what is next?," *Brokings Paper on Economic Activity. BPEA Conference Drafts,* (April, 2023):2-3, doi: 10.3386/w31115

Во текот на 20 век, глобализацијата била забрзана бидејќи неолибералните економски политики и отворањето на светската економија ја продлабочиле интеграцијата. Неолиберализмот е сржта на глобализацијата што светот ја доживеал во последните децении, бидејќи резултирал со економска отвореност и продлабочување на меѓусебната поврзаност.[117]

Една нација која има голема корист од учеството во неолибералната меѓународна економија е Кина. Првично, НР Кина била нација исклучена од меѓународната арена, но кон крајот на 1970 година, таа успешно се интегрира во светската економија и во глобалните политички платформи.[118]

Комбинацијата на голем пазар на труд со ниски трошоци значело дека меѓународните компании ќе можеле да ги произведуваат своите производи со поголема ефикасност и пониски трошоци за производство. Во последните децении илјадници компании од западните пазари ги преселиле своите производствени операции во Кина и во другите земји во развој кои имале слични предности.[119] Воведувањето на Кина во светската економија ја забрза глобализацијата бидејќи се формирале глобални синџири на снабдување и проширување на меѓународните бизниси, продлабочувајќи ја меѓусебната зависност меѓу нациите. На пример, економските реформи донесени од неолиберализмот не се покажале како ефективни бидејќи земјите во Јужна Америка доживеале високи нивоа на нееднаквост во богатството и невработеност поради либерализацијата на трговијата.[120]

Исто така, нееднаквостите на глобализацијата ја поттикнуваат деглобализацијата. Забележано е дека нееднаквоста во богатството драстично се зголемила со појавата на хиперглобализацијата во доцните 1970-ти.

---

[117] Salvador Santino F. Regilme Jr, „Bringing the global political economy back in: Neoliberalism, globalization, and democratic consolidation,“ *International Studies Perspectives* 15, no.3 (2014): 281, https://doi.org/10.1111/insp.12020

[118] Yitzhak Shichor, "Recognition: China's Long March to Global Integration,“ *China Report* 56, no.2 (2020): 168, https://doi.org/10.1177/0009445520916876

[119] Matteo Podrecca et al., "Manufacturing internationalization: from distance to proximity? A longitudinal analysis of offshoring choices, "Journal *of Manufacturing Technology Management* 32, no. 9 (2021): 354.

[120] Richard L. Harris, „The effects of globalization and neoliberalism in Latin America at the beginning of the millennium,“ *Journal of Developing Societies* 16, no.1 (2000): 142, https://doi.org/10.1163/156852200512021

Литературата покажува дека како што се зголемувала глобалната економска меѓусебна поврзаност, богатите станувале побогати, додека сиромашните станувале посиромашни.[121] Но, како се појавуваат нови случувања во светот, така и литературата за процесот на деглобализација продолжува да се шири. Поголем дел од оваа приказна е брзиот раст на земјите во развој, особено откако големите економии во развој се повеќе се отворени и ја прифатиле глобалната интеграција во 1980-тите. Оттогаш, учеството на економиите во развојот во светската трговија со стоки се има зголемено од помалку од една третина на речиси половина, додека нивното учество во светското производство пораснало од 24 % на 43 %.

Фактот дека глобалната економија како целина има огромна корист од промените поттикнати од трговијата и технологијата, дека овој процес произведе повеќе победници отколку губитници, и многу економии успешно ги користеле домашните политики за да ги ублажат негативните ефекти на економските промени, не ја менува реалноста дека некои поединци, групи, и цели региони ризикуваат да се чувствуваат оставени или отфрлени од глобализацијата.[122]

Усложнување на напорите за справување со овие глобални предизвици е и проширувањето и престројувањето на геополитичката моќ. Глобализацијата има помогнато да се забрза развојот и да се поттикне појавата на моќни нови економски актери. Но, „подемот на останатите“ (како што Фарид Закарија го опишува овој процес), исто така, го нарушува стариот меѓународен поредок и ја менува глобалната рамнотежа на силите, ослободувајќи огромни геополитички и геоекономски шокови. Напредните економии остануваат клучни играчи, но повеќе не се доминантни. Брзо растечките економии во Азија, Африка и Јужна Америка играат улога во системот што бил незамислив пред само 20 години.[123]

---

[121] Chi – Chuan Lee et al., “Income inequality, globalization, and country risk: A cross-country analysis,“ *Technological and Economic Developmnet of Economy* 26, no.2, (2020): 379-404, http://dx.doi.org/10.3846/tede.2019.11414

[122] Florian Butollo and Cornelia Staritz, “Deglobalization, Reconfiguration, or Business as Uasual? COVID-19 and the limits of reshoring of globalized production,” Berlin: Weizenbaum Institute for the Networked Society-The German Internet Institute, 2022. https://doi.org/10.34669/WI.WS/30

[123]Terry Flew, “Post-Globalisation,” *Javnost-The Piblic, Journal of the European Institute for Communication and Culture* 25, issue 1-2 (Januray 31, 2018): 7, https://doi.org/10.1080/13183222.2018.1418958

Се смета дека процесот на деглобализација нема да ги реши главните предизвици со кои се соочуваат денешните економии, напротив, ќе ги направи полоши и понерешливи. Исто така, деглобализацијата ќе ја направи светската економија посиромашна, помалку ефикасна, помалку иновативна и со поограничени ресурси, а со тоа ќе ја намали способноста на економиите да ги унапредат своите социјални, еколошки или безбедносни приоритети - од зајакнување на мрежите за социјална заштита, до преминување на чисти технологии, до инвестирање во образование, истражување и развој и инфраструктура, кои се сметаа за клучни елементи во градењето на економска конкурентност, технолошко лидерство и национална безбедност.

Завршувањето на глобалната отвореност и интеграција ќе значи и ограничување на конкуренцијата, технолошката дифузија и размената на идеи, кои се клучни двигатели на иновациите. Парадоксално, одговорот на предизвиците што ги носи глобализацијата е поголема глобализација, не помалку поотворена, интегрирана и разновидна глобална економија, подлабока соработка меѓу владите, подобрена координација меѓу политиките и прашањата, посилна, поинклузивна, ефикасна и модерна меѓународна трговија и економски систем. Наместо деглобализација, итна е потребата од реглобализација.[124]

[124] Akbar M.J, “Security challenges in a unipolar globalized world,” in *The Dark Side of Globalization,* ed. Jorge Heine and Ramesh Thakur, (New York: United Nations University, 2011), 175.

### 3.2. Поим и дефинирање на деглобализацијата

Глобализацијата и деглобализацијата се две сили кои се во циклус стотици години.[125] Почнувајќи од 1980-тите, кога предмет на загриженост станал третиот голем бран на глобализација, некои економисти и социолози имплицирале дека го доведуваат во прашање позитивниот став за глобализацијата, сметајќи дека таа можеби не е толку силна како што изгледа.[126]

Обесхрабрени од неспособноста на глобализацијата да најде решенија за некои клучни прашања за глобалната економија (како што се сиромаштијата и невработеноста), голем број истражувачи и практичари биле принудени да бидат сведоци на длабоката деградација на неколку историски конституирани економски и социјални структури. Соодветно на тоа, тие брзо почнале да дефинираат и имплементираат нов термин кој бил наречен „деглобализација".[127]

Поимот „деглобализација" произлегува од „глобализација" со додавање на префиксот „де".[128] Во економските дебати терминот навлегол без да добие доволно јасна и општоприфатена дефиниција. Тековните глобални економски еволуции покажале дека процесот на глобализација ја изгубил движечката сила што ја имал пред финансиската и економската криза.[129]

Од тие причини, имало повремена појава на периоди на релативен пад, кои биле поврзани со тенденцијата на деглобализација, поточно со тенденцијата на репозиционирање на глобалната економија на нови координати на ефикасност и конкурентност.

---

[125] Luke Amadi, „Globalization and the changing liberal international order: A review of the literature," *Research in Globalization*, 2, (2020):4, https://doi.org/10.1016/j.resglo.2020.100015

[126] Adams, Alison et al., "Deglobalization," *MEKETA*, July 2023, https://meketa.com/wp-content/uploads/2023/07/MEKETA_Deglobalization.pdf

[127] Catalin Postelnicu et al., „Econimic deglobalization – from hypothesis to reality," *Ekonomie* 8, no.2 (2015): 6.

[128] Janusz Miskiewicz and Marcel Ausloos, „Has the World Economy Reached Its Globalization Limit?," *Physica A* 389, no.4 (2010): 800, https://doi.org/10.1016/j.physa.2009.10.029

[129] Michael A. Witt, "De-globalization: Theories, predictions, and opportunities for international business research," *Journal of International Business Studies,* 50, no.7 (April 2019): 1060, https://dx.doi.org/10.2139/ssrn.3315247

Додека Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство се сметаат за главните архитекти по 1945 година, со создавањето на системот на Обединетите Нации, тие управуваат со непредвидлив, неконзистентен  и домашно високо оспоруван курс кој што е далеку од мултилатерализмот. Силната одбрана на глобализацијата доаѓа од друго место - од Канада, Франција, Германија и од Кина. Историски, и глобализацијата и деглобализацијата биле управувани од одредени големи сили кои ги одразуваат нивните домашни политички приоритети.[130]

Авторот Пабло Солон, земајќи ја предвид дефиницијата за глобализацијата како референца, има наведено дека „деглобализацијата е процес на намалување на меѓузависноста и интеграцијата помеѓу националните држави“.[131]

За Валден Бело, кој е родоначалник на поимот „деглобализација“ во 2001 година, „деглобализацијата не претставува синоним за повлекување од светската економија туку процес на реконструирање на светскиот економски и политички систем.“[132]

Авторите Маркус Корнпробст и Џон Валас, ја имаат дефинирано деглобализацијата како движење кон помалку поврзан свет, кое се карактеризира со моќни национални држави, локални решенија и гранични контроли.[133]

За Харолд Џејмс, деглобализацијата вклучува економски протекционизам, ограничување на движењето на луѓето, регулирање на протокот на капитал и обид за ограничување на пристапот до информации.

Какви факти има за деглобализација?[134]

---

130 Harold James, „Deglobalization as a Global Challenge, “ETH *Zürich*, July 7, 2017, https://css.ethz.ch/en/services/digital-library/articles/article.html/5897b291-a0f4-4f1a-97b5-149b36c31e5b.

131 Pablo Solón, “Deglobalization: Notes for the debate,” *Systemic Alternatives*, 2014, https://systemicalternatives.org/2014/08/14/notes-for-the-debate-deglobalization.

132 Исто, стр.52

133 Markus Kornprobst and Jon Wallace, „What is deglobalization? “ *Chatham house,* October 12, 2022, https://www.chathamhouse.org/2021/10/what-deglobalization.

134 Ling-Yun He et al., “The impact of de-globalization on China’s economic transformation: Evidence from manufacturing export,” *Science Sirect Journal of Policy Modeling* 42, issue 3 (January 12, 2020): 630, doi:10.1016/j.jpolmod.2021.02.001

На Слика 3 се прикажани вообичаените фактори на деглобализација, кои претставуваат клучни елементи за економски раст.[135]




Слика (3). Заеднички фактори на деглобализацијата

Извор: Rebeca B. Sánchez-Flores and Germán E. Serna, "Sustainability as a deglobalization strategy for value chains growth", (2022)

Трговијата, како дел од глобалниот БДП, го има достигнато својот врв во 1914 година, за да забележи пад од 47% во 2015 година. Исто така, биле забележани намалувања на капиталните токови, додека според податоците на Обединетите нации, растот на бројот на меѓународните мигранти бил зголемен од просечните 2% во периодот 2000-2005 година на 3% во периодот 2005-2010 година, но паднал на 1,9% во периодот 2010-2015 година.  За увозните тарифи немало зголемување во стилот на 1930-тите, иако имало посуптилен пораст на другите форми на протекционизам. Светската трговска организација пресметала дека нетарифните бариери со кои управуваат земјите од Г20, биле зголемени од околу 300 во 2010 година на повеќе од 1 200 до 2016 година.[136]

---

[135] Rebeca B. Sánchez-Flores and Germán E. Serna, "Sustainability as a deglobalization strategy for value chains growth," in *Deglobalization – The Future of Growth in the International Economy?,* ed. John Walsh, (2022), 101,  https://doi.org/10.51432/978-1-914266-10-2-7

[136]"What is deglobalisation? Finding opportunity in change," *RSM*, May 23, 2023, https://www.rsm.global/insights/finding-opportunity-in-change/what-is-deglobalisation.

### 3.3. АНАЛИЗА НА ПРОЦЕСОТ ДЕГЛОБАЛИЗАЦИЈА

Првиот чекор да се разбере деглобализацијата е анализа на процесот на глобализација.[137] Сегашното ниво на развој на светската економија и еволуцијата на модерниот капитализам ја имаат трансформирано деглобализацијата во мит, а не во наметнатата реалност како движечка сила во блиска иднина.[138]

Вториот чекор на деглобализацијата е да се делегитимизираат, запрат, и да се искористат противречностите, и да се стави крај на клучните организации на глобализацијата. Во однос на ова, биле вложени големи напори за да бидат поддржани различни кампањи и иницијативи на ММФ, Светска банка, СТО и трговските и инвестициски договори.[139]

За Ван Бергејк јасен показател за процесот на деглобализација на глобалната економија бил падот на меѓународната трговија. На Слика 4 е прикажано како деглобализацијата била значајна и била широко распространет феномен во 1930 година и во 2000 година. Имено, во првите три години на Големата депресија во 1930 година учеството на увоз во БДП во просек се намалувал за 17%, додека во 2000 година тој изнесувал 31%.[140]

---

[137] Alicia Garcia Herrero, "From Globalization to deglobalization: Zooming into Trade," *SSRN*, January 1, 2020, https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=3496563.
[138] Goldberg, Pinelopi and Tristan Reed, " Is the Global Economy Deglobalizing? And if so, why? And what is next?," *NBER-National Bureau of Economic Research*, April 2023, https://www.nber.org/papers/w31115
[139] Murat Güneylioğlu, "Globalization, deglobalization and the US-China Competition: The Balance between Geopolitics and Geoeconomics," *Journal of Turkish Social Sciences Research,* 8, no.2 (October 2023): 11.
[140] Peter A.G. Van Bergeijk, "One is not enough! An economic history perspective on world trade collapses and deglobalization," Institute of Social Studies, March 2017, https://repub.eur.nl/pub/98695/wp628.pdf




Слика (4). Процесот на деглобализација во 1930 и во 2000 година за 22 земји

Извор: Peter van Bergeijk, Peter A.G. Van Bergeijk, "One is not enough! An economic history perspective on world trade collapses and deglobalization, (2017)

Еван Хилебранд му пристапил на ова мислење попрагматично, имајќи го предвид процесот на деглобализација што почнал да се манифестира од периодот од 1913 до 1950 година кога, поради двете светски војни, сериозно била погодена меѓународната поделба на трудот, придружена со тврдењето за глобален протекционизам. Тој детално го анализирал долгорочниот ефект што би го имала деглобализацијата врз развиените земји членки на ОЕЦД. [141]

[141] Evan E. Hillebrand, „Deglobalization Scenarios: Who Wins? Who Loses? ,“ *Global Economy Journal* 10, no.2 (2010):19.

За таа цел, тој креирал две сценарија: едното за „деглобализација“, сфатено како процес на намалување на економската меѓузависност и интеграција меѓу земјите, другото за „глобализацијата.“ Она што го заклучил Хилебранд било дека БДП по глава на жител во 2035 година може да биде за 23% помал во случај на „деглобализација“, и дека ќе се зголеми бројот на луѓе во светот кои ќе живеат во екстремна сиромаштија. Раздорот меѓу глобализаторите и деглобализаторите се однесува на прашањето за намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста во приходите. Деглобализаторите тврдат дека и покрај брановите на глобализација, повеќе од 1 милијарда луѓе во светот живеат под прагот на сиромаштија со помалку од 1 американски долар дневно, повеќе од 30 000 деца умираат секој ден поради неухранетост, а над 72 милиони деца немаат основно образование. Исто така, тие тврдат дека глобализацијата ги направила богатите во богатите земји уште побогати, и тоа на сметка на сиромашните во сиромашните земји, и ја зголемила ранливоста на глобалната економија на катастрофални кризи кои почесто ја погодуваат глобалната економија и ги мотивираат деглобализаторите да бараат радикално преобликување на глобалната финансиска архитектура[142].

Горенаведените факти и статистики за сиромаштијата претставуваат силно обвинение за глобализацијата поради нејзиниот неуспех да ја подобри благосостојбата на сиромашните во земјите во развој (Табела 2).[143]

Сепак, анализата на податоците за сиромаштијата и нееднаквоста во приходите, врз основа на процентот на населението кое живее под прагот на сиромаштија од страна на главните региони на глобалната економија, открива дека процентот од населението кое живее под прагот на сиромаштија има значително опаѓање во новите пазарни економии на Источна Азија, Јужна Азија и во земјите производители на нафта на Блискиот Исток, додека од процесот на глобализација само Супсахарска Африка е заобиколена, бидејќи не покажала намалување на сиромаштијата.

---

142 Shamita Garg and Sushil, "Determinants of deglobalization: A Hierarchical model to explore their interrelations as a conduit to policy," *Science Sirect Journal of Policy Modeling* 43, issue 2 (January 16, 2021): 435, doi:10.1016/j.jpolmod.2021.01.001

143 Neil Dias Karunaratn, „The Globalization-Deglobalization Policy Conundrum,“ *Modern Economy* 3, no.4 (July 2012): 374, http:/dx.doi.org/10.4236/me.2012.34048

Табела (2). Факти и статистика за сиромаштијата

| Индикатори за сиромаштијата во земјите во развој | |
|---|---|
| 1. | 50% од светската популација (3 милијарди) живее со помалку од 2 долара на ден |
| 2. | 80% од светската популација живее во земји кои ја зголемуваат нееднаквоста во приходите |
| 3. | 20% од богатите во светот уживаат во 75% од глобалното богатство, а 40% од најсиромашните во светот имаат само 5% од светското богатство |
| 4. | 30 000 деца умираат секој ден поради сиромаштија |
| 5. | 28% од децата се со недоволна тежина или со заостанат раст |
| 6. | 72 милиони деца на училишна возраст не одат во училиште од кои57% се девојчиња |
| 7. | Над 1 милијарда се неписмени во новиот милениум |

Извор: Neil Dias Karunaratn, „The Globalization-Deglobalization Policy Conundrum," (2012)

Се смета дека процентот на луѓе кои живеат под прагот на сиромаштија е намален за речиси 10% и за првпат растечкиот тренд на нееднаквост во приходите е обратен, заради брзиот раст и програмите за намалување на сиромаштијата што ги имаат спроведено азиските економии на Кина и Индија (Табела 3).[144]

Овие податоци, иако не се најнови, имаат континуитет и потврдуваат дека глобализацијата работи во тандем со економскиот развој, наспроти деглобализацијата, која го забавува. Интересно е видувањето на Кенет Рогоф за една од причините на деглобализацијата, а тоа е глобалната пандемија на КОВИД-19, која предизвикала уште едно забрзано повлекување од глобализацијата, посочувајќи како економскиот историчар Харолд Џејмс, во неговата книга „Крајот на глобализацијата" од 2001 година, покажал како пропаднала претходната ера на глобална економска и финансиска интеграција под притисокот на неочекуваните настани за време на Големата депресија во 1930 година, која кулминирала со Втората светска војна.[145]

---

[144] Neil Dias Karunaratn, „The Globalization-Deglobalization Policy Conundrum," *Modern Economy* 3, no.4 (July 2012): 378, http:/dx.doi.org/10.4236/me.2012.34048

[145] Kennet Rogoff, „Deglobalization Will Hurt Growth Everywhere," *Harvard Kennedy School,* June 3, 2020, https://www.hks.harvard.edu/centers/mrcbg/programs/growthpolicy/deglobalization-will-hurt-growth-everywhere-kenneth-rogoff.

Табела (3). Број и процент луѓе кои живееат под граница на сиромаштија (1960-2000) во текот на вториот и на третиот бран на глобализација

| Регион | 1960 [%] | 1980 | 2000 |
|---|---|---|---|
| Источна Азија | 729 [77.5] | 955 [67.2] | 114 [6.0] |
| Јужна Азија | 209 [37.2] | 310 [34.4] | 105 [7.8] |
| Супсахарска Африка | 118 [53.2] | 188 [49.4] | 362 [54.8] |
| Блиски Исток и Северна Африка | 32 [24.3] | 10 [4.3] | 29 [7.2] |
| Латинска Америка | 35 [16.0] | 13 [3.6] | 27 [5.2] |
| Источна Европа | 29 [9.2] | 7 [1.7] | 0 [0] |
| Свет во развој | 1131 [52.5] | 1479 [43.5] | 647 [13.1] |

Извор: Neil Dias Karunaratn, „The Globalization-Deglobalization Policy Conundrum," (2012)

Според него, сегашното повлекување започнало со победата на Доналд Трамп на претседателските избори во САД во 2016 година, што довело до тарифни војни помеѓу САД и Кина. Томас Пикети ги навел растечките нееднаквости во приходите и богатството, како доказ дека капитализмот пропаднал. Надвор од напредните економии, глобалниот капитализам има извлечено милијарда луѓе од сиромаштија. Затоа мислењето на авторот било дека пречекорувањето во деглобализација ризикува да им наштети на многу повеќе луѓе отколку да помогне и дека сегашниот модел на глобализација треба да биде приспособен во однос на јакнење на мрежата на социјална сигурност во напредните економии и во пазарите во развој.[146]

[146] "Poverty and Shared Prosperity 2022: Correcting Course-Overview," *World Bank Group,* October 6, 2022. https://documents.worldbank.org/en/publication/documents-reports/documentdetail/099753310062230480/idu0d523c107067bb04fd80a43f0380707ed16a6.

## 3.4. Принципи на деглобализацијата

Деконструкцијата е следниот чекор на деглобализацијата за која Валден Бело вели дека оди заедно со стратегијата на реконструкција.[147]

Во литературата се наведени следниве принципи на процесот на деглобализација:

1. Производството за домашен пазар треба да биде центар на гравитација на економијата, а не производство за извозни пазари;
2. Принципот на субординарност треба да биде вграден во економскиот живот со поттикнување на производството на добрата на ниво на заедница и на национално ниво доколку тоа може да биде направено според разумна цена за да се зачува заедницата;
3. За заштита на локалната економија од уништување на производите субвенционирани од компании со вештачки ниски цени треба да се користат трговска политики, односно, квоти и тарифи што ќе ја заштитат локалната економија;
4. За ревитализација и јакнење на производствениот сектор треба да се користи индустриска политика која ќе вклучува субвенции, тарифи и трговија;
5. Спроведување на долго одложувани мерки за правична распределба на приходот и за прераспределба на земјиштето за да се создаде енергичен внатрешен пазар, кој ќе служи како сидро на економијата и ќе генерира локални финансиски ресурси за инвестиции;
6. Намалување на еколошките нерамнотежи преку намалување на растот, подобрување на квалитетот на животот и максимизирање на правичноста;
7. Трансформација на енергетските и на транспортните системи во децентрализирани системи базирани на обновливи извори;
8. Здрава рамнотежа помеѓу носивоста на земјата и големината на населението;

[147] Walden Bello, *Deglobalization: Ideas for a New World Economy,* Cannada: Fernwood, 2004, 3, https://archive.org/details/deglobalizationi0000bell.

9. Развој на еколошки прифатлива технологија која ќе се шири и во земјоделството и во индустријата;
10. Примерна родова перспектива во сите области на економското одлучување со цел да се обезбеди родова еднаквост;
11. Проширување на опсегот на демократско одлучување за важни економски прашања и истите да бидат предмет на демократска дебата и избор;
12. Постојано следење и надгледување од страна на граѓанското општество на приватниот сектор и државата, како процес што треба да се институционализира;
13. Трансформација на комплексот на сопственост во „мешана економија“ каде што се вклучуваат општествени задруги, приватни и државни претпријатија, а се исклучени транснационалните корпорации;
14. Замена на централизираните глобални институции како ММФ и Светската банка со регионални институции што не се изградени на слободна трговија и мобилност на капиталот, туку на принципи на соработка.[148]

## 3.5. Димензии на деглобализација

Аксел Дрехер разликува три димензии на процесот на деглобализација и тоа: економска, политичка и социјална димензија на деглобализација.[149]

### 3.5.1. Економска димензија на деглобализација

Она што било видливо по глобалната финансиска криза во 2008 година биле трговските рестриктивни политики на земјите од Г20 кои се спроведувале како квоти и царини со новоусвоените гранични мерки. Причината за зголемениот број трговски рестриктивни мерки била што економиите во развој почнале да играат доминантна улога во глобалната економија.

---

[148] T.V. Paul, "Globalization, deglobalization and reglobalization: adapting liberal international order," *International Affairs* 97, no.5, (2021): 1561, doi: 10.1093/ia/iiab072

[149] Axel Dreher, „Does globalization affect growth? Evidence from a new index of globalization, "Applied *Economics* 38, no.10 (2006): 1092, https://doi.org/10.1080/00036840500392078

Растечкиот протекционизам и тарифните војни, започнати од администрацијата на Доналд Трамп и продолжени од претседателот Џо Бајден, го покажале растечкото влијание на антиглобализациските сили во САД. Усвојувањето на нацрт-законите, Законот за иновации и конкуренција од 2021 година и Законот за конкуренција од 2022 година, имале за цел да ги зајакнат капацитетите на домашното производство и да ја намалат зависноста од Кина, особено во областите со висока технологија, како што се вештачка интелигенција, квантно пресметување, биотехнологијата и развојот на обновливите извори на енергија.[150]

Во геополитичка смисла, релативниот пад на САД и подемот на Кина, како и агресивното повторно потврдување на руската моќ под водство на Владимир Путин, поттикнале стравувања од нова Студена војна која повторно ќе го подели светот и ќе резултира во дополнително намалување на интеракциите меѓу државите, при што сојузниците ќе бидат фаворизирани како трговски и инвестициски партнери, додека соработката со противниците ќе биде ограничена.[151]

Иако колективните напори на многу земји, вклучително и растечките сили во таканаречената група БРИКС од пет големи економии во развој - Бразил, Русија, Индија, Кина и ЈАР - помогнале да биде ублажена финансиската криза, трендот бил намалување на бројот на влади и пропаѓање на глобалните трговски преговори. Според извештајот „Слобода во светот 2022“ издаден од американската невладина организација Фридом Хаус, во последните 16 години во пораст бил авторитаризмот и другите неолиберални сили, за да, во 2023 година, само 20 % од светското население живее во целосно слободни земји,  41 % во „делумно слободни“ и 38 % во „неслободни“ земји.[152]

Лоренс Самерс има наведено дека либерализацијата на капиталната сметка е неопходна за земјите со среден приход за да ги зголемат нивните нивоа на приходи, како поттик за стабилноста на развиените земји.[153]

---

[150] T.V. Paul, „The Spector of Deglobalization,“ *Current History* 122, no.840 (2023):4, https://doi.org/10.1525/curh.2023.122.840.3

[151] Исто стр.5

[152] Исто, стр.5

[153] Lawrence H. Summers, „International financial crises: Causes, prevention, and cures,“ *American Economic Review* 90, no.2 (2000): 14, doi: 10.1257/aer.90.2.1

Од друга страна, Родрик тврди дека економскиот раст ја движи финансиската глобализација која повлекува поголем системски ризик и може да промовира економски раст преку значајни финансиски политики и силни финансиски институции.[154]

Острите изјави и реторика на поранешниот американски претседател Доналд Трамп за самитите на Г7, НАТО и ООН, повлекувањето од Парискиот договор и СЗО (Светска здравствена организација), покренале прашања за постоечките сојузи и формирањето на нови сојузи.[155] Главните историски епизоди на деглобализација се имаат случено по големите кризи на пазарот на капитал. Во март 2017 година, министрите за финансии на Г-20 биле согласни во препознавањето на важноста и придобивките од отворените пазари на капитал и како да го подобрат системот што ги поддржува меѓународните текови на капитал.

Имено, Г-20 бил обид да се обликува глобализацијата на хуман начин и да се обезбеди разумен финансиски и економски поредок со најголемите и најважните економски сили во светот.[156] Додека е евидентно одредено ниво на пад на глобализацијата и нејзините клучни компоненти, многу други трендови сугерираат дека се случува обратното. Економскиот пад во првиот дел од глобалната пандемија во 2020 година бил проследен со пораст на глобалната трговија. По падот, соодносот меѓу трговијата и БДП веќе имал зголемување во многу економии предводени од извозот. Податоците велат дека во третиот квартал од 2022 година, зголемените инфлациски притисоци довеле до нагло зголемување на каматните стапки од страна на централните банки.

Сепак, мислењето било дека решението на проблемот со инфлацијата не значел поголем протекционизам, туку зајакнување на производствената база во делови од светот со помали трошоци за работна сила. Администрацијата на Џо Бајден укина некои од царините што Доналд Трамп и ги наметнал на Кина.

---

[154] Dani Rodrik, „Who needs capital-account converibility? Essay in International Finance," *Hardvard University,* February, 1998, https://drodrik.scholar.harvard.edu/files/dani-rodrik/files/who-needs-capital-account-convertibility.pdf
[155] Savina Gygli et al., „The KOF globalisation index – revisited," *The Review of International Organizations* 1, no.3 (2019): 551, https://doi.org/10.1007/s11558-019-09344-2
[156] Graciana Del Castillo, "Building peace and Stability through Economic Reconstruction." *UNIDIR,* April 8, 2013, https://unidir.org/publication/building-peace-and-stability-through-economic-reconstruction/.

Трговските политики од времето на Доналд Трамп, вклучително и промоцијата на странски директни инвестиции (СДИ), имале ограничено влијание. Протекционизмот како политика за подобрување на конкурентноста има и граници, бидејќи на корпорациите им требале извозни пазари и глобална соработка за да ја задржат својата водечка улога во технолошките индустрии кои постојано се менувале.[157]

Сè повеќе компании од Кина се вклучени во глобалната експанзија или „Fortune Global 500", во однос на фактот дека претходните фази на глобализацијата биле предводени од западните мултинационални компании.

Податоците за периодот 2020-2021 година, покажале дека глобалната трговија била во опаѓање, а потоа следело закрепнување, и зголемување на трговијата со НР Кина. Според, Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој, глобалната трговија изнесувала вкупно 28,5 трилиони долари во 2021 година, што претставувало зголемување од над 25 % во однос на 2020 година и зголемување од 13 % во однос на 2019 година.

Глобалните текови на странски директни инвестиции во 2020 година биле вратени од 929 милијарди долари на 1,65 трилиони долари во 2021 година, што претставувало зголемување од 77 %. Овие бројки покажувале дека економската глобализација ќе остане, но дека ќе биде изменета нејзината форма и содржина. Зголемена регионализација имало во трговијата и инвестициите кога глобалните трговски преговори предводени од Светската трговска организација покажале мал напредок. Индија е вториот најголем корисник на глобализацијата, особено во однос на растот на БДП. Премиерот Нарендра Моди се обидел да постигне „Atmanirbhar" (самодоверба), преку индустриската политика „Make in India", додека ја спроведувал хинду националистичката агенда во својата земја. Сепак, трговијата на Индија се зголемила со голем број земји со кои имала билатерални трговски договори, вклучувајќи ги и Соединетите Држави[158]

---

157 T.V. Paul, „The Spector of Deglobalization," *Current History* 122, no.840 (2023):7, https://doi.org/10.1525/curh.2023.122.840.3

158 Исто, стр.7

### 3.5.2.Политичка димензија на деглобализација

Долго време политичката глобализација забрзано напредува и веројатноста дека постепено ќе опаѓа е многу мала. Политичката дезинтеграција е започната во втората половина на 2010 година, при што дури и воспоставените демократии биле сведоци на подемот на популистичките лидери и движења кои напредувале на нелиберални политики и националистичка реторика како Борис Џонсон, Анджеј Дуда, Жаир Болсонаро, и Доналд Трамп.[159]

Руската инвазија на Украина и воведувањето санкции кон Русија од страна на западните земји, фактот што руската економија не е особено глобализирана, освен во извозот на нафта, гас и оружје, укажува дека недостасуваат границите на милитаризмот што меѓузависноста може да им ги наметне на глобализираните држави. Од друга страна, глобализираните кинески експанзионистички напори создале потенцијални точки на удар во Тајван, Јужното Кинеско Море и по должината на индиско-кинеската граница.

Но, ескалацијата на овие конфликти е ограничена од поголемата економска меѓузависност на Кина во споредба со Русија. Рестриктивните политики спроведени од режимот на Си Цинпинг го забавиле економскиот раст на Кина и ги ограничиле слободите на кинеските граѓани што ги добиле од реформите во ерата на Денг Ксијаопинг. Сепак, Кина има силен интерес за продолжување на високите нивоа на глобалната трговија и веројатноста е дека Кина ќе продолжи да се залага за економска глобализација под свои услови. Доколку Русија ја прошири својата агресивна политика, геополитичките случувања дополнително ќе ја нагласат деглобализацијата.[160]

Сите овие политички разлики и дезинтеграции се сметаат за знак на зголемена политичка деглобализација, но и поттикнување на деглобализација во други димензии. Во одреден степен литературата е контрадикторна во објаснувањето на односот помеѓу политичката глобализација и економскиот раст.

---

[159] Araşturma Makalesi, „How does Deglobalization Affect Economic Growth?," *Journal of Research in Economics, Politics & Finance* 8, no.1 (2023):8, doi.org/10.30784/epfad.1255549

[160] Исто, стр.7

Алесина и соработниците тврдат дека политичката интеграција и економијата се замена и го објаснуваат тоа со хетерогени политики и фрагментација меѓу земјите.[161] Од друга страна, Мартин и соработниците тврдат дека политичката интеграција се состои од трговски договори и дека таа и економскиот раст меѓусебно се дополнуваат.[162]

Авторот Шиф смета дека земјите бараат прогресивна регионална интеграција кога трговската отвореност се зголемува, за да го намалат нивниот степен на политичка интеграција. Во овој случај, помалку политички интегрираните земји се поотворени за трговски договори, што може да го поттикне нивниот економски раст.[163] Како пример за таква ситуација, Дрехер ја споменува прединдустриската револуција во Европа.

Но, сепак тој смета дека  политичката глобализација нема ефект врз економскиот раст, а Јинг и соработниците го поддржале овој резултат.[164] Од друга страна, Маџиди покажал дека политичката глобализација има позитивен ефект врз растот во земјите со низок среден приход, но, е негативна во земјите со висок среден приход.[165] Покрај тоа, некои студии наоѓаат позитивна врска помеѓу политичката глобализација и економскиот раст.[166]

---

[161] Alberto Alesina et al., „Economic integration and political disintegration, "American *Economic Review* 90, no.50 (2000): 1276.
[162] Philippe Martin et al., „The geography of conflicts and regional trade agreements," *American Economic Journal: Macroeconomics* 4, no.4: 32, doi: 10.1257/mac.4.4.1
[163] Mauricie Schiff, „Multiratel trade liberalization and political disintegration: Implications for the evolution of free trade areas and customs unions," *World Bank Group,* May 31, 200, https://documents.worldbank.org/en/publication/documents-reports/documentdetail/289771468766224730/multilateral-trade-liberalization-and-political-disintegration-implications-for-the-evolution-of-free-trade-areas-and-customs-unions.
[164] Yung Hsiang Frank Ying et al., „The impact of globalization on economic growth," *Romanian Journal of Economic Forecating* 17, no.2 (2014): 28.
[165] Ali Fagheh Majidi, „Globalization and economic growth: The case sutdy of developing countries," *Asian Economic and Financial Review* 7, no.6 (2017): 590, http://dx.doi.org/10.18488/journal.aefr.2017.76.589.599
[166] "Deglobalisation: what you need to know," World Economic Forum, January 17, 2023, https://www.weforum.org/agenda/2023/01/deglobalisation-what-you-need-to-know-wef23/.

Сите овие политички дивергенции и дезинтеграции се сметаат за знак на зголемена политичка деглобализација, но и поттикнување на деглобализација во други димензии.[167]

Политичката глобализација вклучува интеграција на политичките системи и институции преку границите, додека политичката деглобализација вклучува враќање на овој процес, често преку националистички политики и ограничувања на имиграцијата и трговијата. Во последните години, зголемената поларизација и радикализација на политиката довела до пад на политичката глобализација, особено во развиените земји како што се САД, Обединетото Кралство и Франција, иако, тоа нема да има значително влијание врз економскиот раст.

Земјите во развој и помалку развиените земји можат да имаат корист од политичката интеграција, особено во однос на трговскиот и економскиот развој, од причина  што политичката и економската интеграција често одат рака под рака, а политичката деглобализација може да има негативни ефекти врз трговијата и економскиот раст. Затоа е важно овие земји да продолжат да се интегрираат регионално и глобално во политиката и трговијата со цел да ги подобрат своите економии.[168]

### 3.5.3. Социјална димензија на деглобализацијата

Во последниве години, социјалната димензија на глобализација бележи намалување. Најинтересен развој е глобалниот тренд кон демократската регресија. Традиционалните демократии спроведуваат нелиберални политики, кои често се насочени кон малцинствата и мигрантите. Но, социјалните движења во многу земји бараат поквалитетни демократии. Извештајот на Фридом Хаус за 2022 година покажал дека постои голема побарувачка на права во многу земји, со одредени успеси во унапредувањето на демократските реформи во Јужна Америка и Африка.

---

[167] Deniz Sevinç et al., "How Does Deglobalization Affect Economic Growth?." *Journal of Research in Economics, Politics & Finance* 8, issue 1, (March 2023):6. https://doi.org/10.30784/epfad.1255549

[168] Ferdi De Ville "The End of Globalisation as we Know It," *Ghent University*. March 2022, https://www.ugent.be/ps/politiekewetenschappen/gies/en/research/publications/gies_papers/2022-ukraine/pdf-files/the-end-of-globalisation-as-we-know-it_pdf/view.

Социјалната димензија на деглобализација е основа за подобрување на човековите права и социјалниот статус во една земја. Овој развој го отвори патот за економско учество и ги подобри условите за живот што го поттикнуваат економскиот раст на земјите и затоа очекувањата се дека социјалната деглобализација може негативно да се одрази на економскиот раст.[169]

## 3.6. Состојбата со деглобализацијата во меѓународните односи

Деглобализацијата многумина ја доживуваат како деглобализација на протекционизмот. Според Ерик Кнуцен, конфликтот во Украина има длабоки геополитички, воени и стратешки последици. Ерата на глобализацијата ги намалила трошоците за работна сила и стоки, ја ограничила инфлацијата и каматните стапки, го зголемила уделот на растот што му се припишува на капиталот и ги намалила премиите за ризик фактори на финансиските средства. Оттука е и мислењето дека улогата на деглобализацијата е да ги поништи сите овие работи, односно да го отежни постигнувањето на долгорочните цели за враќање на истото ниво. Авторот сметал дека е потребен поактивен пристап кон инвестиции и пофлексибилен пристап кон диверзификација по региони, преку ликвидни и неликвидни пазари и преку финансиски средства.[170]

Според Сара Нојман, војната во Украина не само што предизвикала човечки страдања и економска штета во Украина и во нејзините соседни земји, туку предизвикала и пошироки геополитички тензии и конфликти кои ја поткопале глобалната соработка и доверба. Прашањата околу кои се занимава истата авторка се однесуваат на тоа дали војната во Украина ќе влијае на глобализацијата на среден и долг рок? Дали ќе доведе до пресврт или преобликување на глобалната интеграција? Кои ќе бидат последиците за развојот и соработката?

---

[169] Deniz Sevinç, et al., "How Does Deglobalization Affect Economic Growth?." *Journal of Research in Economics, Politics & Finance* 8, issue 1, (March 2023):14. https://doi.org/10.30784/epfad.1255549
[170] Eric L. Knutzen, „Ukraine and the Path to Deglobalization," *Neuberger Berman,* July, 2022, https://www.nb.com/en/global/insights/cio-weekly-perspectives-ukraine-and-the-path-to-deglobalization.

Но, сепак Нојман ги има скицирано одговорите во следниве сценарија, врз основа на тековните трендови и докази.[171]

Првото сценарио е дека војната во Украина ќе ја забрза деглобализацијата, односно, падот на глобалната интеграција. Ова сценарио се засновало на претпоставката дека геополитичките ризици ќе ги надминат економските придобивки како двигатели на глобализацијата и земјите ќе им дадат приоритет на нивните национални безбедносни интереси пред нивните трговски интереси, што ќе доведе до фрагментација на глобалните пазари по политички линии.

Трговските бариери ќе се зголемат бидејќи земјите ќе воведат санкции, царини, квоти или други ограничувања за нивните конкуренти или потенцијални закани. Глобалните синџири на снабдување ќе бидат нарушени или реконфигурирани за да се намали зависноста од странски извори или пазари. Исто така, земјите ќе се обидат да ги диверзифицираат своите трговски партнери или да ги развијат своите домашни способности за да ја зголемат нивната самодоверба. Ваквото сценарио би имало негативни последици за развојот и соработката. Деглобализацијата би ги намалила придобивките од глобалната ефикасност, глобалната благосостојба од пониски цени, повисок квалитет и поголема разновидност на стоки и услуги.

Деглобализацијата ќе им наштети на земјите во развој повеќе отколку на развиените земји, бидејќи тие повеќе се потпираат на трговијата за нивниот раст, вработување, приходи и намалување на сиромаштијата. Тоа ќе ги поткопа и глобалните институции и норми кои ја олеснуваат соработката за заедничките предизвици како што се климатските промени, јавното здравје, човековите права, и мирот. Второто сценарио е дека војната во Украина ќе ја преобликува глобализацијата, но нема да ја врати назад. Ова сценарио се заснова на претпоставката дека економските придобивки ќе продолжат да бидат важни двигатели на глобализацијата, и покрај геополитичките ризици. Според ова сценарио, земјите ќе се приспособат на променливите околности со адаптирање на нивните трговски стратегии и политики.

[171] Sarah Neumann, “Ukraine War: A Turning Point for Globalization?,” Modern diplomacy, August 4, 2023, https://moderndiplomacy.eu/2023/08/04/ukraine-war-a-turning-point-for-globalization/.

Трговските бариери нема значително да се зголемат, но ќе се променат трговските модели, бидејќи земјите бараат нови можности. Глобалните синџири на снабдување нема да бидат нарушени, туку диверзифицирани или оптимизирани за да има рамнотежа помеѓу ефикасноста и безбедноста, и земјите ќе бараат регионални или мултилатерални договори за интеграција кои се пофлексибилни и поинклузивни од глобалните. Преобликувањето на глобализацијата би зачувало некои предности на глобалната интеграција, но исто така, ќе создаде и некои предизвици и компромиси што ќе им овозможи на земјите да ги искористат нивните предности и пристап до нови пазари, но од друга страна ќе ги изложат на поголема конкуренција и нестабилност.

Исто така, ќе им овозможи на земјите да ги диверзифицираат своите трговски партнери и извори, и ќе ја зголеми нивната сложеност и трошоците за координација. Тоа ќе ја поттикне регионалната соработка за некои прашања, но истовремено ќе создаде фрагментација или исклучување за други прашања. Војната во Украина, всушност, ја откри ранливоста и сложеноста на глобалната трговија. Таа ги наруши глобалните синџири и пазари за снабдување, особено за стоки како што се храна и енергија. На пример, Русија е еден од најголемите извозници на пченица и природен гас во светот, а нејзиниот извоз е под западните санкции. Покрај тоа, војната во Украина ја зголеми глобалната несигурност и нестабилност, што има негативен ефект врз инвестициите, потрошувачката и растот и покрена прашања за односот меѓу глобализацијата и безбедноста.

Либерализмот е теорија на меѓународните односи која тврди дека глобализацијата промовира мир и безбедност преку зголемување на меѓузависноста, соработката и демократијата меѓу земјите. Оваа теорија е оспорена од неодамнешните настани кои покажаа дека глобализацијата, може да создаде конфликти и закани. На пример, Марк Галеоти тврди дека глобализацијата им овозможила на земјите да ги користат своите економски, технолошки или информатички предности како оружје против нивните противници и ваквиот феномен го нарекол „вооружена меѓузависност“, кој води до почести и долготрајни војни.[172]

[172] Nataša Stanojević, “Deglobalization of the World Economy and its Effects on the Western Balkan

Најголем доказ за деглобализацијата е во сегашната политичка имагинација на демократските и авторитарните држави. Креаторите на политиките сè повеќе се борат да ја артикулираат рамнотежата помеѓу глобалните и локалните решенија. Колку меѓународната трговија со стоки и услуги треба да биде ограничена или олеснета? Како може конкурентите да одговорат на предизвикот на глобалните климатски промени? Како да се управува со миграцијата и како да биде даден соодветен одговор на нејзините двигатели? Како да се управува со војната и конфликтите?

Овој ефект врз политичката имагинација има ударен ефект врз трговските и финансиски текови кои ја поткрепуваат глобалната трговија, при тоа слабеејќи ја довербата во сигурноста на меѓународните инвестиции. Според одредени податоци за тоа дали се случила деглобализацијата и дали протекционизмот е причината, авторот Дадуш смета дека иако глобализацијата била забавена во некои аспекти од големата финансиска криза, сепак нема процес на деглобализација.[173]

Неговата проценка се однесува на следното:

- Зголемениот протекционизам не бил главната причина за наглото забавување на светската трговија со стоки по глобалната финансиска криза. Иако биле забележани примери на протекционизам, трговијата со стоки главно останала слободна отколку што била пред глобалната финансиска криза;
- Во трговијата со услуги останале високи пречките за глобализацијата, но трговијата продолжила да расте, благодарение на современата технологија;
- Имало деглобализација на меѓународните текови на капитал, а причината биле финансиските и макроекономските последици од глобалната финансиска криза, а не протекционизмот;
- Меѓународната миграција е најограничениот канал на глобализацијата и е поограничена од порано, но се одвива и понатаму;

Countries," *Economic Themes* 58, no.3, (October 2020): 344, doi:10.2478/ethemes-2020-0020

[173] Uri, Dadush, "Deglobalisation andd Protectionism," *Briegel*, November 17, 2022, https://www.bruegel.org/working-paper/deglobalisation-and-protectionism.

- Во однос на политиката, најголемиот предизвик бил да се избегне назадувањето, со оглед дека имало многу пропуштени можности во глобализацијата на услугите и капиталните тековите, особено кон земјите во развој. Зголемената миграција е најполитичкиот и потенцијално најголемиот извор на придобивка од глобализацијата.

### 3.7. Предности и недостатоци од процесот на деглобализација

Кога станува збор за предностите на деглобализацијата, овој процес има за цел да ги заштити и да ги промовира локалните индустрии преку фокусирање на домашното производство, што води до зголемени можности за вработување и може да помогне да се реши проблемот со невработеноста. Тоа може да ги поттикне земјите да ги диверзифицираат своите економии со намалување на зависноста од неколку доминантни индустрии или странски пазари. Владите можат да изградат поодржливи економии кои ќе бидат помалку ранливи на глобалните економски шокови, преку промовирање на развојот во различни сектори. Една од значајните предности на деглобализацијата е тоа што може да им овозможи на земјите да го зачуваат и да го заштитат својот културен идентитет и традиции.[174]

Процесот може да придонесе за одржливост на животната средина. Локализираниот пристап кон производството и потрошувачката може да доведе до пократки синџири на снабдување и до минимизирање на негативното влијание врз животната средина.[175]

Од друга страна, ризиците од деглобализацијата може да доведат до намалена меѓународна трговија и инвестиции и да го попречат економскиот раст.

[174] Mervyn Martin, “Keeping it Real: Debunking the Deglobalization Myth, Brexit, and Trump:-“Lessons” on Integration,” *Jouranl of International Trade Law and Policy* 17,no.1/2 (April 2018): 67, https://doi.org/10.1108/JITLP-06-2017-0020

[175] Thomas SJ Smith, “ Mapping complexity in deglobalisation: A typology of economic localisms from ‘hyper-localism’ to ‘strategic autonomy’,” *Local Economy* 38, no.3, (2023): 250, https://doi.org/10.1177/02690942231205512

Трговските бариери и протекционистичките политики може да ги зголемат трошоците за водење бизнис, да го ограничат пристапот до странските пазари и да ги нарушат глобалните синџири на снабдување. Ова може да резултира со намалена продуктивност и нарушување на севкупниот економски развој.

Трговските бариери и намалената конкуренција од меѓународните пазари може да ги зголемат потрошувачките цени. Ограничениот увоз може да доведе до ограничена достапност на одредени стоки и да предизвика инфлациски притисоци. Исто така, повисоките производствени трошоци може да резултираат со повисоки цени за стоките и услугите, што негативно ќе влијае на индустриите кои се силно зависни од меѓународната трговија.

Индустриите ориентирани кон извоз може да претрпат губење на работни места и намалена конкурентност, особено ако домашната побарувачка не може да ја компензира загубата на странските пазари. Овие политики можат да ги заострат меѓународните односи и да придонесат за геополитички тензии. Трговските спорови меѓу земјите може да ескалираат во пошироки конфликти, што ќе влијае на дипломатските односи и мирот и стабилноста.[176]

## 3.8. Антиглобализациски движења

Глобализацијата за различни луѓе значи различни работи.[177] Според Франциско Маркез де ла Рубија, ако глобализацијата продолжи во истиот облик, потребно е препознавање на предизвиците и ризиците од глобализацијата и политичка волја за нивно решавање.[178] За одржлив раст потребни се политики кои се еднакви, транспарентни, партиципативни и демократски.

---

[176] Mehmet Sait Akman et al., “Confronting ”Deglobalization” in the Multilateral Trading System,” *Trade, Investment and growth,* (September 2021): 9.

[177] Turan Subasat, “What is Globalisation and What Is Not? A Historical Perspective,” *A political Economy Perspective* 8, no.1 (March, 2008): 16.

[178] Francisco Marquez Rubia, “From Anti-Globalization to e new Gobernance,” Instituto Espanol de Estudios Estrategios, July 11, 2017, https://www.ieee.es/en/Galerias/fichero/docs_analisis/2017/DIEEEA35-2017_Antiglobalizacion-NvaGobernanza_FMR_ENGLISH.pdf.

Интегралниот развој е она што се очекува од напредокот предвиден со доаѓањето на ерата на глобални промени и истиот ќе треба да се стреми да ги трансформира општествата, да ја подобри состојбата на тие општества како целина и да им овозможи на сите да го подобрат својот живот. Светот и општествата, бараат глобализација со похуман лик. Одговор на незадоволството од процесите на глобализацијата се антиглобализациските движења кои тврдат дека глобалното владеење, е само „политичка обвивка за глобалната доминација на САД“.[179]

Глобалното владеење не е трајна карактеристика на меѓународните односи и единствената причина поради која постои е тоа што е во интерес на најмоќните земји во светот. Во последните децении, подемот на „антиглобализациските движења“ претставува една од најзначајните илустрации на општествените конфликти и контроверзното политичко однесување. Најизразени и најрадикални се антиглобализациските движења кои се насочени кон меѓународните институции и неформалните групи кои работат во интерес на економската глобализација и ја промовoраат неолибералната идеологија.[180]

Протестите против Светската трговска организација (СТО) во Сиетл во 1999 година се сметаат за клучна точка во развојот на движењата, бидејќи тоа било првпат различни антиглобалистички групи од различни структури (од мрежи до формални организации) и различни идеологии (стара левица, синдикати, екологисти и анархистички групи) да бидат обединети сите во едно движење.[181]

Како луѓето ги толкуваат и обликуваат разбирањата за тековните процеси на економска глобализација, и како овие концептуални рамки се спојуваат во ткивото на глобалниот протест, е важно како и политичко-економските промени поврзани со глобализацијата кои предизвикале колективна акција.

[179] Oliver Simon, “How Can People Be Opposed To Globalization?,” *E-International Relations*, May 21, 2013, https://www.e-ir.info/2013/05/21/how-can-people-be-opposed-to-globalization/

[180] Зенделовски Г. и З. Нацев, *Глобализација: Мирот и Безбедноста*, (Скопје: Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, 2014),278.

[181] Ishchenko V.O, “Diffusion of the “Anti-globalization” master frame to left-wing political parties and social movments: The Case of Ukraine,” 2004, https://ekmair.ukma.edu.ua/server/api/core/bitstreams/10a3f84f-783f-4d37-9932-ddd27ed40afa/content.

Она на што сме сведоци во последните години е созревањето на протестното движење против современите неолиберални процеси на глобализација.[182]

Постои голема разновидност на идеологии во антиглобализациските движења. Амори Стар има изброено петнаесет различни идеолошки позиции (вклучувајќи анархизам, пацифисти и човекови права, земјишни реформи, екологија, социјализам и религиозен национализам) кои се присутни во антикорпоративната борба.[183] Можеби звучи тривијално, но она што всушност ги обединува сите различни антиглобалистички движења е токму отфрлањето на неолибералниот пресврт во економската политика што започнал во 1970-тите и ги зафатил сите земји во светот со различен степен на развој.[184]

### 3.8.1. Видови на антиглобализациски движења

Антиглобалистите се разликуваат по нивните методи на дејствување и целите што ги бранат, и, тие делат одреден поглед на светот.[185] Она во што тие веруваат е дека глобалното управување и начинот на кој функционираат меѓународните институции се во корист на интересите на големите корпорации.[186] Всушност, антиглобалистите се обидуваат да ја подигнат јавната свест и да влијаат врз носителите на одлуки и медиумите на национално и меѓународно ниво. Антиглобалистите сакаат глобализација „со човечки лик", и се критички настроени кон еден или повеќе аспекти на глобализацијата.[187]

---

[182] Jeffty M. Ayres, "Framing Collective Action Against Neoliberalism: The Case of the "Anti-Globalization" Movment," *Journal of World-Systems Research* 10, no.1 (2004): 13, https://doi.org/10.5195/jwsr.2004.311

[183] Abdul Ghafoor Awan, "Wave of Anti-Globalization and Capitalism and its impact on World Economy," *Global Journal of Management and Social Sciences* 2, no.4 (2016): 13.

[184] Arman Azedi, "Assessing the Anti-Globalization Movement: protest Against the WTO, IMF, and World Bank in Cross-National Perspective,"*The Sociological Quarterly* 64, issue 3 (February 2023): 446, https://doi.org/10.1080/00380253.2023.2167672

[185] Gijsbert, van Liemt, "Towards a different kind of globalization," SSRN, March, 2004, https://ssrn.com/abstract=908244.

[186] Paul Joosse, "Antiglobalization and Radical Environmentalism: An Exchange on Ethical Grounds," *Ethics in Progress* 5, no.1 (February 2014): 34, https://doi.org/10.14746/eip.2014.1.2

[187] Marian Pinsky, "From Reactive to Proactive: The World Social Forum and the Anti- / Alter-Globalization Movement," *McGill Sociological Review* 1. (January 2010): 8.

Според зборовите на францускиот активист Хозе Бове од Confédération paysanne „Ние не сме против самата глобализација бидејќи таа е неизбежно движење, она што го сакаме е друг вид глобализација.“[188]

Иако се критички настроени кон глобализацијата, антиглобалистите се разликуваат според:

- Потеклото - најпознатите и најдобро финансираните имаат база во земјите на ОЕЦД;
- Ставот -„северните“ групи имаат тенденција да бидат покритични кон нивната влада или владите на ОЕЦД отколку „јужните“ групи, кои повеќе ги поддржуваат нивните влади, економскиот развој и цели;
- Големината - некои се само едно лице кое работи со веб-локацијата, а други се професионално водени од мултимилионски организации, експерти за медиумско влијание и
- Темата - солидарност со сиромашните земји, човекови и работнички права, животна средина, потрошувачки активизам, и продемократски став.

Во однос на идеологијата, Фотопулос, разликува три различни пристапи. Некои активисти го обвинуваат социо-економскиот систем дека довел до сегашната форма на глобализација и институционализација на политичките и економските структури, што значело концентрација на политичката и економската моќ во рацете на различни елити. Други, само ја обвинуваат идеологијата на системот. Огромното мнозинство ги критикува симптомите на функционирањето на социо-економскиот систем, а не самиот систем.[189]

Во однос на нивниот однос со меѓународните организации, како што се Светската трговска организација (СТО) и Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Шолте и соработниците разликуваат три групи, кои ги имаат наречено „конформисти“, „реформатори“ и „радикали.“

---

[188] Marquez de la Rubia, Francisco, “From Anti-Globalization to e new Governance,” Instituto Espanol de Estudios Estrategios, July 11, 2017, https://www.ieee.es/en/Galerias/fichero/docs_analisis/2017/DIEEEA35-2017_Antiglobalizacion-NvaGobernanza_FMR_ENGLISH.pdf.

[189] Takis Fototpoulos, “Globalisation, the reformist Left and the Anti-Globalisation ‘Movement’,” *Democracy & Nature* 7, no.2 (2001): 233-280, doi: 10.1080/10855660120064592

„Конформистите“ ги опфаќаат широките цели на овие организации и нивната методологија и рамка. „Реформаторите“ ја прифаќаат потребата од постоење на овие организации, но бараат промена на нивните оперативни процедури и насоки за политики. Третата група „радикали“ бара намалување на влијанието на овие организации и нивно можно укинување. Различните ставови на секоја група влијаат на природата и исходот од нивните дискусии со меѓународните организации.[190]

Во основа антиглобализираното движење е класифицирано во две групи. Во првата група се оние кои јавно и отворено протестираат против глобализацијата (надворешна закана), а втората група ја сочинуваат движењата кои дејствуваат во склоп на самиот систем (внатрешна закана).[191]

Антиглобалистичките табори се класифицирани како партикуларен протекционизам чии застапници ја обвинуваат глобализацијата за повеќето политички, економски и културни проблеми кои ги засегаат нивните земји. Вториот табор е познат како универзален протекционизам кој се базира на идејата за воспоставување на рамноправни односи меѓу Северот и Југот. Тука се вклучени бројни невладини организации и мрежи кои се борат за зачувување на животната средина, човекови права и слободи и слично. Нивните идеали се еднаквост и социјална правда. Такви примери се Third World Network, International Forum on Globalization и други.[192]

Како иницијатори на антиглобализмот се појавуваат различни личности, како што е на пример филозофот Ојер Бурдио, германскиот политичар Хорст Малер, кој е за економијата да служи на интересите и потребите на општеството. Едно од најпознатите здруженија кои се критички настроени спрема глобализацијата се Attac – „Здружение за оданочување на финансиски трансакции во корист на граѓаните“, кое е основано 1998 година во Франција и е активно во преку 50 земји во светот.[193]

---

[190] Catherine Eschle, “Constructing The Anti-Globalisation Movement,” *International Journal of Peace Studies* 9, no.1 (2004): 71.

[191] Elise Feron, “Anti-globalization movements and the Europena agenda,” *Innovation: The European Journal of Social Science Research* 17, 2 (2004): 119-127, doi:10.1080/1351160420000238625

[192] Maddaremmeng A. Panennungi, “Welcome to De-globalization: A Short History of the End of Globalization(?),” *Economics and Finance in Indonesia* 57, no.1 (April 2009): 111.

[193] Amory Starr and Jason Adams, “Anti-globalization: The Global Figh for Local Autonomy,” *New Political Science* 25, no.1, (2003): 21, https://doi.org/10.1080/0739314032000071217

Ваквиот диверзитет меѓу активистите ја отежнува анализата за движењето во целина. Но, она што е потврдено е дека антиглобализмот претставува едно од најголемите социјални движења кое како современа моќна форма ги заплашува владите и меѓународните организации во 21 век. Очекувањата се дека во иднина се почесто на сцената ќе преовладуваат оние антиглобалистички движења кои покрај незадоволството од економските аспекти на глобализацијата, ќе се свртат и кон проблемите кои се поврзани со војната и мирот. Токму, една од важните цели на Светскиот социјален форум, е помагање во интерес на мирот и отфрлање на милитаризмот со демократско решавање на конфликтите, поддршка на интеграциите и мултилатерализмот.[194]

[194] Santana Saika, "Anti-Globalization Movement: An Overview," *Eur.Chem.Bull.* 12, issue 8 (2023): 8199.

# ГЛАВА IV
# ЕФЕКТИТЕ ОД ДЕГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ МИРОТ И СТАБИЛНОСТА НА ДРЖАВИТЕ

## 4.1. Глобализацијата и мирот

Вистинскиот одговор за тоа каков е односот меѓу глобализацијата и мирот е комплексен, бидејќи мирот може да биде поткопан од страна на разни сили кои се поврзани со ефектите на глобализацијата, а се однесуваат на сиромаштијата, економијата, енергијата, демографијата, климата, трговијата, културата и религијата.[195]

Со оглед на тоа дека глобализацијата предизвикува незадоволство кај обесправените народи, најголема закана за мирот и стабилноста е појавата на тензии и интензивирање на антиглобализациските и антизападните движења токму во регионите кои се под просечното ниво на развој. Оттука, следи прашањето што се случува кога глобализацијата нема да ги продуцира очекуваните резултати во многу региони во светот? Во тој контекст, Галтунг како еден од еминентните проучувачи на мирот, визиите за мирот за 21 век ги гледа преку триаголникот дијагноза-прогноза-терапија и разликува четри облици на моќ: културна, економска, воена и политичка како и четри видови на насилство и мир. Токму следните ставови се непосредно поврзани со мирот:

- Пораст на бројот на демократизирани земји во светот, бидејќи како успешен се покажал демократскиот модел во промоцијата на мирот и разрешувањето на конфликтите;
- Пораст на економската меѓузависност, бидејќи заемно зависните земји особено во областа на економијата ги намалуваат побудите за војни и конфликти и пораст на животниот стандард;
- Пораст на бројот на меѓународни институции и организации, зошто овозможуваат поголема контрола, посредување при појава на конфликти и превентивно дејствуваат во случај на загрозување на мирот;

[195] Brenda Basiga,“Globalization and Peace Education,” *Canadian Social Studies* 38, no.3 (2004): 8.

- Пораст и влијание на меѓународните норми против насилството и
- Пораст на нивото на образование и пристап до иновации.

Доколку предизвикот меѓу глобализацијата и мирот биде сведен на земји, тогаш на врвот на пирамидата во промоцијата на мирот се најглобализираните западни земји. Тоа може да се види преку Глобалниот индекс на мир кој ја мери мирољубивоста на национално ниво, но динамиката на насилство, мир и конфликт честопати се под влијание на транснационални настани и фактори. Причините кои може да доведат до нарушување на мирот и стабилноста, според Гоцевски се ограничените ресурси од секаков вид и незадоволените базични потреби поради различните вредносни системи кај одделни народи и држави.[196]

Земјите споделуваат одредени економски или политички карактеристики, кои често служат како основни причини за конфликт. Покрај тоа, постојат значителни докази кои сугерираат дека внатрешните конфликти може да се прелеат од една во друга земја. Нивото на мирољубивост во една земја може директно или индиректно да влијае на нивото на мирољубивост во соседните земји. Тоа значи дека на севкупното ниво на позитивен и негативен мир во земјата може да влијаат настаните што се случуваат во соседните земји.

Според податоците на Глобален индекс на мир (ГПИ) за 2023 година кој ја мери мирољубивоста во три домени: безбедност и сигурност, тековни конфликти и милитаризација, просечното ниво на мир во земјите се има нарушено за 0,42%.[197]

На Слика 5 се прикажани промените на просечното ниво на мир за секој од домените на Глобален индекс на мир, како и процентот на земји со подобрена или нарушена состојба. Севкупно, мирот се има подобрено во 84 земји и влошено во 79 земји, при што опаѓањето на мирољубивоста генерално е поголемо во однос на подобрувањето.

---

[196] Трајан Гоцевски, *Економскиот развој и мирот*, (Скопје: Филозофски факултет – Скопје, 2011), 83.
[197]"Global Peace Index 2023," Institute for Economics & Peace, June, 2023, https://www.visionofhumanity.org/wp-content/uploads/2023/06/GPI-2023-A3-map-poster.pdf

Причина за нарушување на мирот е поради нарушување во доменот на тековните конфликти. Записот за бројот на смртни случаи предизвикани од внатрешните конфликти, односите во соседните земји и надворешните конфликти укажува на зголемување од 96 %.




Слика (5). Промена во резултатот на Глобален индекс на мир според домени за 2023

Извор: "Global Peace Index 2023," Institute for Economics & Peace

Иако војната во Украина се смета за примарен поттикнувач, сепак забележан е пораст на конфликти и во многу други земји, особено во Африка и Азиско-Пацифистичкото подрачје.

Благо нарушување на мирот има во доменот на „Безбедност и Сигурност," а најголемо нарушување е забележано кај индикаторот „политичка нестабилност". Кај 59 земји било забележано нарушување на политичката стабилност во 2022 година. Од друга страна, индикаторот „импакт на тероризам" се има подобрено веќе четри година по ред, при што кај 70 земји било забележано ниско ниво на тероризам во 2022 година, а кај 28 земји било забележано подобрување.

Милитаризацијата е домен кај кој има напредок во однос на ГПИ за 2023 година. Од 163 земји, 109 земји имаат забележано подобрување. Главен покренувач на промените во милитаризацијата е зголеменото финансирање на мировните операции на ООН и помалите воени трошоци како процент од бруто - домашниот производ (слика 6).

Следната слика ја прикажува просечната процентна промена за секој индикатор од ГПИ од 2022 до 2023 година. Во просек, 11 од 23 индикатори се имаат нарушено, 10 од нив се имаат подобрено, а 2 се останати непроменети. Најголемо просечно нарушување е забележано кај индикаторот „надворешни конфликти“, додека најголемо подобрување е забележано кај индикаторот „финансирање на мировните сила на ООН.“




Слика (6). Процентна промена во резултатот по индикатор, 2022-2023 година

Извор: “Global Peace Index 2023,” Institute for Economics & Peace

Нарушувањето на индикаторот „надворешни конфликти“ се должи на зголемувањето на надворешните актери кои се вклучени во внатрешните конфликти. Имено, 65 земји се со резултати кои го нарушиле овој индикатор, а седум од десет од најголемите нарушувања се имаат случено во земјите од Африка. Во 2023 година, најмалку вклучени во некаков облик на надворешен конфликт се 91 земја, во однос на 58 земји во 2008 година.

Од 91, само 13 земји дејствувале самостојно во внатрешните конфликти, 33 земји биле вклучени во мала коалиција, а 45 земји биле вклучени во голема коалиција од десет или повеќе земји. Во повеќето конфликти земјите нуделе поддршка на постоечката влада во нејзиниот конфликт со внатрешните вооружени терористички групи. Порастот на нивото на конфликти на глобално ниво довело и до нарушување на индикаторот „смрт од внатрешните конфликти“, кој во 2022 година се има значително зголемено.

Политичката нестабилност е трето најголемо просечно нарушување. Во 2022 година, во 59 земји политичката стабилност била нарушена, додека кај 22 земји таа била подобрена. Најголемите нарушувања се случиле во Израел, Салвадор, Малави и Буркини Фасо. Иако многу индикатори за конфликтот се глобално нарушени, податоците покажуваат дека има зголемена посветеност за финансирањето на мировните операции на ООН, при што 118 земји ја подобриле навременоста на нивните мировни финансиски обврски за зачувување на мирот во светот.

Податокот за релативното ниво на воени трошоци за 2023 година, покажува дека има подобрување втора година по ред, при што во 92 земји се намалило нивото на воени трошоци како процент од БДП, и има 43 земји каде воените трошоци се помалку од еден процент од БДП. Сепак, воените расходи се уште претставуваат најголем дел од севкупното економско влијание врз насилството.

Индикаторот за насилни демонстрации за 2023 година се има подобрено за прв пат од 2016 година, и подобрување е забележано кај 59 земји, во споредба со 43 земји во кои е забележано нарушување. Сепак, насилните протести се сè уште вообичаени ширум светот, при што 140 земји забележале најмалку еден насилен протест во 2022 година.

Денес, светот е значително помалку мирољубив во однос на 2008 година, при што просечното ниво на мир на една земја се има нарушено за пет проценти помеѓу 2008 и 2023 година. На слика 7 е прикажан целокупниот тренд на мир од 2008 до 2023 година, како и процентуалната промена на резултатот од година во година.




Слика (7). Тренд на мир и процентуална промена за период од 2008 до 2023 година

Извор: "Global Peace Index 2022," Institute for Economics & Peace

Нарушување на мирољубивоста од 2008 година се има случено во повеќето региони, а четири се одговорни за поголемиот дел од глобалниот пораст на насилство. Тоа се: МЕНА, Африка, Јужна Америка, Средна Америка и Кариби. Европа останува најмирен регион на светот, иако од 2008 година доживува благ пад од еден процент во мирољубивоста. Нарушувањето на мирољубивоста во Европа е поттикната од подрачјата со тековни конфликти. Подобрување има кај милитаризацијата, додека кај безбедноста и сигурноста не е забележана никаква промена. Покрај високото ниво на мирољубивост, во Европа е забележан пораст на насилните демонстрации, односите со соседните земји, политичката нестабилност, влијанието на тероризмот и водењето на надворешните конфликти.

## 4.2. Најмиројубиви и најконфликтни земји во светот

Ако предизвикот меѓу глобализацијата и мирот се сведе на ниво на земји, она што може да биде воочено е дека, сепак, најглобализираните западни земји се наоѓаат на врвот на пирамидата во промоцијата на мирот во светски рамки. Тоа може да се види од табела 4 каде што се земени предвид податоците на Глобалниот индекс на мир, за одреден временски период.

Некои земји кои во минатото биле помиројубиви, за жал, денес се центри на конфликти, додека од друга страна, многу други земја ја подобриле нивната општа безбедносна атмосфера во рамките на нивните граници. За да земјите и заедниците коегзистираат без конфликт, потребни се добро воспоставени механизми за решавање на конфликтите и, пред сè добра волја.

Табела (4). Најмиројубиви и најконфликтини земји во светот за периодот 2019-2023 година

| | Редослед | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Земја | 2023 | 2022 | 2021 | 2020 | 2019 |
| Исланд | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Данска | 2 | 4 | 3 | 5 | 5 |
| Ирска | 3 | 3 | 8 | 12 | 12 |
| Нов Зеланд | 4 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Австрија | 5 | 5 | 6 | 4 | 4 |
| Сингапур | 6 | 9 | 11 | 7 | 7 |
| Португалија | 7 | 6 | 4 | 3 | 3 |
| Словенија | 8 | 7 | 5 | 11 | 8 |
| Јапонија | 9 | 10 | 12 | 9 | 9 |
| Швајцарија | 10 | 11 | 7 | 10 | 11 |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Либија | | 151 | 156 | 157 | 156 |
| Централна Афричка Република | 152 | 155 | 155 | 155 | 157 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Сомалија | 156 | 156 | 158 | 158 | 158 |
| Ирак | 154 | 157 | 159 | 161 | 159 |
| Јемен | 162 | 162 | 162 | 159 | 160 |
| Јужен Судан | 160 | 159 | 160 | 160 | 161 |
| Сирија | 161 | 161 | 161 | 162 | 162 |
| Авганистан | 163 | 163 | 163 | 163 | 163 |
| Венецуела | | | 152 | 149 | |
| Мали | 153 | 150 | | | |

Извор: Global Index Peace

Од табелата може да се воочи дека постојат варијации од година во година кај одредени земји, кои се должат на промените кои настанале во земјата или во соседството. Истиот извор има направено проценка на следните пет најголеми подобрувања и нарушувања на мирот во светот.

Либија има забележано најголем напредок во поглед на мирољубивоста според ГПИ за 2023 година, со вкупен резултат на подобрување за 7,1 %. Либија е рангирана на 137. место што е нејзин најголем пласман од 2014 година. Најголемо подобрување во Либија има во доменот на тековните конфликти, кои се имаат подобрено за 21,5 %. Иако земјата е поделена и е тешко вооружена, со спорадични судири кои се случуваат во изминатите години, Владата и Либиската национална армија имаат постигнато договор за прекин на огнот во август 2022 година. Овие случувања довеле до подобрувања во поглед на влијанието на тероризмот, обемот на политичкиот терор, како и индикаторите за бегалците и раселените лица. Сепак, и покрај подобрувањата во последните пет години, Либија како земја сè уште се соочува со многу предизвици во однос на мирот.

Бурунди како земја е рангирана на 128-мото место и го има забележано вториот највисок напредок во мирот за 2023 година, подобрувајќи го својот резултат за 5,2 %. Најголемото подобрување на мирот во Бурунди се има случено во доменот на тековните конфликти, кои се имаат подобрено за нешто помалку од 15 % во текот на 2022 година. Ова подобрување било поттикнато од намалувањето на бројот на смртни случаи од внатрешните конфликти и намалувањето на нивниот интензитетот.

Исто така, забележано е подобрување во доменот безбедност, кој е поттикнат од падот на влијанието на тероризмот и намалувањето на бројот на бегалци и внатрешно раселени лица. Подобрувањето на обемот на политичкиот терор е препознаен од страна на другите земји и во февруари 2022 година, ЕУ го има наведено подобрувањето на владеењето на правото и состојбата на човековите права во Бурунди во својата одлука да ги укине финансиските санкции и да ја врати директната финансиска помош за администрацијата на Бурунди.

Оман во 2023 година го има третото најголемо подобрување во зачувувањето на мирот, искачувајќи се за 18 места во рангирањето. Вкупниот резултат на Оман се има подобрено за 6,2 %, а најголемото подобрување се има случено во доменот на милитаризација. Сепак, и покрај овие подобрувања, Оман сè уште има едно од највисоките релативни нивоа на воени трошоци во светот, што претставува нешто помалку од шест проценти од неговиот БДП. Исто така, Оман има постигнато значителен напредок во безбедносниот домен, поттикнат од подобрувањата на индикаторите за политичка нестабилност и насилен криминал.

Брегот на Слоновата Коска бележи четврто најголемо зголемување на мирот во 2023 година, искачувајќи се за 18 места и се наоѓа на 90-тото место. Најголемо подобрување има во доменот на безбедност и сигурност и ефектот на тероризмот, бидејќи во 2022 година нема регистрирано смртни случаи од тероризам.

Авганистан го има забележано петтото најголемо подобрување на мирот во 2023 година, со ранк на 163 место, но останува најмалку мирната земја во светот. Иако насилството сè уште е широко распространето низ целата земја, има значително опаѓање на нивото на конфликт по повлекувањето на американските трупи во август 2021 година и последователното преземање на власта од страна на Талибанците. Авганистан има забележано подобрувања во доменот на тековен конфликт и милитаризација и многу мало нарушување во доменот на безбедност и сигурност, благодарение на зголемувањето на насилните демонстрации.

Земјите кои бележат најголемо подобрување на миројубивата состојба во 2022 година се Египет, Саудиска Арабија, Филипините и Алжир, додека во 2021 година најдобри резултати оствариле Украина, Ирак, Полска, Виетнам и Северна Македонија.

Во текот на 2020 година најголемо подобрување на мирот е забележано во Азербејџн, Ерменија, Бахреин, Јужна Африка и Хондурас.

Кога станува збор за нарушување на мирот,  Украина бележи најголемо нарушување во 2023 година, при што вкупниот резултат е нарушен за 13,27%. Земјата е рангирана на 157-мото место, паѓајќи за 14 места во рангирањето. Руската инвазија на Украина во февруари 2022 година се смета за примарен фактор за нарушување на мирот во сите три домени на ГПИ.

Најголемата поединечна промена се има случено кај индикаторот бегалци и раселени лица. Се проценува дека повеќе од 30% од вкупното украинско население се или бегалци или внатрешно раселени лица. Пред инвазијата, оваа бројка била 1,7% од населението. Второто најголемо нарушување е кај индикаторот за смртност поради внатрешните конфликти. Иако има низа проценки за точниот број  Украинци убиени во конфликтот, сепак се смета дека загинале повеќе од 30 000 Украинци, а стотици илјади се ранети. Украина е една од ретките земји каде што индикаторот на милитаризација бил нарушен во 2022 година, како резултат на големиот пораст на извозот на оружје и најголемото поединечно зголемување на персоналната стапка на вооружените сили. Имало и значително нарушување на интензитетот на внатрешните конфликти и политичка нестабилност.

Покрај Украина, големо нарушување на мирот во 2023 година е забележано и во Хаити, Мали, Израел и Русија. Падот на Русија е поттикнат со инвазијата на Украина при што смртните случаи од надворешни конфликти се зголемени за 400%. Некои проценки покажуваат дека бројот на руските жртви во војната во Украина би можел да достигне до 43 000, со вкупни загуби од нешто помалку од четвртина милион. Иако Русија има едно од петте најголеми нарушувања на мирот од која било земја, сепак, таа има подобрување во мирот во доменот на безбедноста. Во 2022 година, забележани се подобрувања на индикаторите за стапката на затворање, насилни демонстрации, влијанието на тероризмот и стапката на убиства.

Во 2022 година, Гвинеја и Буркина Фасо имаат најголемо нарушување на мирот, а во 2021 година забележано е нарушување на мирот во Белорусија, Хондурас, Замбија и во Азербејџан.

Односите меѓу Азербејџан и Ерменија значително се имаат нарушено поради насилната ескалација на тензиите околу отцепениот регион Нагорно-Карабах, меѓународно признат како дел од Азербејџан, но со 95% ерменско население. Вооружениот конфликт меѓу нив резултирал со повеќе од 6 000 жртви на двете страни, вклучително и цивили. Конфликтот во регионот Нагорно-Карабах, исто така, резултирал со значително зголемување на бројот на бегалци и внатрешно раселени лица во Азербејџан, и како резултат на нарушувањето на индикаторот за безбедност и сигурност. Проценките наведуваат дека повеќе од 6,5% од населението на Азербејџан се внатрешно раселени или бегалци.

Најголемо нарушување на мирот во 2020 година е забележано во Бенин, Никарагва, Нигер, Чиле и во Венецуела која пак важи за најмалку мирољубива земја во Јужна Америка. Додека, во 2019 година мирот бил најмногу нарушен во Зимбабве, Иран и во Бразил.

## 4.3. Влијанието на војната во Украина врз мирот и стабилноста

Конфликтот во Украина и последователните санкции наметнати на Русија од страна на Европската Унија, Соединетите Американски Држави и нивните сојузници укажуваат на трансформација на меѓународниот економски поредок, кој досега почиваше на принципите на отворени пазари и сеприсутна глобализација. Покрај огромната човечка трагедија што ја носи секоја војна, има и длабоки глобални економски последици.[198]

Воениот конфликт има ефекти врз економијата на земјата во која се случува, а исто така може да создаде дополнителни нарушувања и неизвесност на глобалната економска сцена. Самиот процес на економско закрепнување и реконструкција по геополитички конфликт може да трае со години или дури и со децении.

[198] Adam S.Posen, “The End of Globalization? What Russia’s War in Ukraine means for the World Economy,” *Foreign Affairs*, March 17, 2022, https://www.foreignaffairs.com/articles/world/2022-03-17/end-globalization.

Кога земјите се соочуваат со негативни геополитички настани, особено воени конфликти во нивните граници, тие често се соочуваат со значителен пад на економската активност. Во март 2014 година, ЕУ го усвои првиот пакет санкции против Русија по нелегалната анексија на Крим и прекршувањето на договорите од Минск. Поттикната од руските активности, ЕУ спроведе пообемни економски мерки против Русија, кои вклучуваа ограничувања на трговијата со Крим и секторите кои се сметаат за клучни за руската економија, како што се трговијата со оружје, енергијата и финансиската соработка со Русија.

Со одлука на Советот на ЕУ беа спроведени три сеопфатни глобални програми за санкции: за хемиско оружје во 2018, сајбер напади во 2020 година и за кршење на човековите права во 2020 година. Дополнително, Европската Унија донесе одлука за воведување строги санкции против Русија, откако Русија на 21 февруари 2022 година ја призна независноста на регионите Доњецк и Луганск на територијата на Украина, а на 24 февруари 2022 година ја нападна Украина.

Пред да избие конфликтот во Украина, очекувањата биле дека најважните глобални макроекономски варијабли ќе се вратат на нивоата пред пандемијата во текот на 2022 и 2023 година. Експертите очекувале растот на инфлацијата постепено да се намалува со оглед на потребата да се решат проблемите со синџирот на снабдување и да се стабилизираат цените на суровините. Исто така, претпоставките биле дека поставките на политиката ќе се нормализираат, со постепеното укинување на вонредните мерки за монетарно прилагодување, како и вонредните фискални мерки, кои биле донесени како одговор на пандемијата.

Сепак, со ескалацијата на конфликтот во Украина, голем број меѓународни институции ги ревидирале прогнозите за економски раст и ги зголемиле проценките за растот на инфлацијата. Извештајот на Рута и соработниците ги идентификуваа клучните трговски и инвестициски канали преку кои војната во Украина ќе има влијание врз економијата. Ова вклучува нарушувања на пазарите на стоки (особено храна и енергија), логистички мрежи, синџири на снабдување, странски директни инвестиции и одредени сектори.

Долгорочните импликации за глобалната трговија и инвестиции зависат од тоа како владите реагираат на променливото геополитичко опкружување.[199] Во некои аспекти, директната улога на Русија и Украина во глобалната економија е мала. Тие заедно сочинуваат само околу 2% од светскиот БДП по пазарни цени и сличен процент од вкупната светска трговија. Финансиските врски со други земји, исто така, се скромни. Сепак, од еден аспект, Русија и Украина сè уште имаат важно влијание врз глобалната економија, преку нивната улога како главни добавувачи на неколку пазари на стоки. Заедно, Русија и Украина сочинуваат околу 30% од глобалниот извоз на пченица, 20% од пченка, минерални ѓубрива и природен гас и 11% од нафтата. Покрај тоа, глобалните синџири на снабдување зависат од извозот на метали од Русија и од Украина.[200]

Нарушувањето на горенаведените синџири на снабдување доведува до пораст на цените, што има негативни последици за глобалната трговија и благосостојба и има нерамномерни ефекти врз земјите извозници и увозници.Понатаму, енергијата игра клучна улога во економијата бидејќи го поттикнува економскиот раст, обезбедува квалитет на живот на граѓаните, потребна е за индустриско производство, транспорт, земјоделство и заштита на животната средина. Гасот е важен за Европа бидејќи се користи за производство на електрична енергија, греење, индустриски процеси и за поддршка за обновливи извори на енергија.

Со оглед на неговата широка примена, употребата на гас опфаќа многу сектори на економијата и е клучен ресурс за функционирање на економијата во целина. Во своите годишни публикации, ММФ предупредува на негативното влијание на војната во Украина врз економиите на европските земји.[201]

---

[199] Michaile Ruta, “The Impact of the War in Ukraine on Global Trade and Investment,” *World Bank Group*, April 25, 2022,
https://documents.worldbank.org/en/publication/documents-reports/documentdetail/099750104252216595/idu0008eed66007300452c0beb208e8903183c39.
[200] “Economic and Social Impacts and Policy Impications of the War in Ukraine”, OECD, March 17, 2022, https://doi.org/10.1787/4181d61b-en

[201] Regional economic outlook: Europe: The Fog of WarClouds the European Outlook. International Monetary Fund, 2022,

https://www.imf.org/en/Publications/REO/EU/Issues/2022/10/12/regional-economic-outlook-for-europe-october-2022.

Енергетската криза ја намалува куповната моќ на домаќинствата и ги зголемува деловните трошоци за компаниите, а постои и ризик од подлабока рецесија и дополнителни проблеми со снабдувањето со енергија.[202]

Една од последиците од војната во Украина е потенцијалното забрзување на трендот на ремилитаризација што е забележан на глобално ниво во последните години. Кога станува збор за анализата и практиката на градење мир и зачувување на мирот,  бројките покажуваат дека земјите ширум светот се обиделе да ги задржат воените трошоци за одбрана под два процента од БДП, кој е минимумот што го бара НАТО.

Глобалните воени расходи во однос на БДП биле намалени во првата половина на 2010 година и истите се зголемиле во втората половина на таа деценија. Оваа промена довела до подобрување на глобалниот резултат за индикаторот за воени расходи до 2014 година, а потоа умерено влошување (слика 8).

На почетокот на 2010 година, САД и другите нации го намалиле своето учество во голем број конфликти во регионот на МЕНА. Дополнително, имало притисок да се намалат трошоците за одбрана во многу западни земји, бидејќи глобалната финансиска криза од 2008 негативно влијаела на владините биланси.

[202] Goldberg, Pinelopi and Tristan Reed. “Is the Global Economu Deglobalizing? And if so, why? And what is next?.” *Brokings Paper on Economic Activity. BPEA Conference Drafts,* (2023):28.




Слика (8). Резултати на ГПИ иникаторот за воени трошоци за период 2008-2022

Извор: "Global Peace Index 2022," Institute for Economics & Peace

Сепак, избувнувањето на конфликтот во Украина во 2014 година, интензивирањето на сириската војна во 2015 година и продолжувањето на борбите во Ирак, Јемен, Нигерија, Авганистан, Сомалија и Пакистан придонеле за зголемување на воените трошоци во втората половина на 2010 година.

## 4.4. Влијанието на пандемијата со Ковид 19 врз мирот

Глобалната пандемија со КОВИД-19 е еден од најголемите предизивици со кој се соочија општествата во современата историја. Таа ја предизвика најголемата светска економска криза која доведе до драматично зголемување на нееднаквоста во и меѓу земјите.[203] Прелиминарните докази сугерираат дека закрепнувањето од кризата ќе биде исто толку нерамномерно како и нејзините првични економски ефекти, при што на економиите во развој и на економски загрозените групи им треба многу подолго време за да се опорават од загубите во приходите и средствата за живот предизвикани од пандемијата.[204] Економските ефекти од пандемијата беа особено сериозни во економиите во развој каде што загубите на приходите предизвикани од пандемијата изложија и влошија некои претходно постоечки економски слабости. Кризата имаше длабоко влијание врз глобалната сиромаштија и нееднаквост.

Глобалната сиромаштија за првпат се зголеми во една генерација, а непропорционалните загуби на приход меѓу ранливите популации доведоа до драматично зголемување на нееднаквоста во и меѓу земјите. Според податоците од истражувањето, во 2020 година привремената невработеност била повисока за 70 проценти од сите земји за работниците само со основно образование. Загубите на приходите, исто така, биле повисоки кај младите луѓе, жените, самовработените и работници со пониско ниво на формално образование.[205]

Со други зборови, пандемијата донесе нова динамика во развојот и на меѓународните односи. Прво, глобалната економска рецесија ја наруши стабилноста на земјите и предизвика нови задолжувања, кои беа резултат на честите затворања чија цел беше превенција од ширење на вирусот и масовното губење на работните места.

---

[203] Constantine Michalopoilos, "Policy Options for an Equitable Re-globalization," Eliamep, 2022, https://www.eliamep.gr/en/epiloges-politikis-gia-mia-dikaii-nea-pagkosmiopoiisi-konstantinos-michalopoulos/.

[204]"Global Peace Index 2021," Institute for Economics & Peace, June, 2021, https://www.economicsandpeace.org/report/global-peace-index-2021/

[205] "Chapter 1: The economic impacts of the Covid-19 crisis," World Bank group,2022, https://www.worldbank.org/en/publication/wdr2022/brief/chapter-1-introduction-the-economic-impacts-of-the-covid-19-crisis.

Во насока на заштита на сопственото население, кај многу земји бил забележан раст на национализмот и изолационистичките политики.[206] Антиглобалистичките тенденции пораснале кај развиените земји заради нивната самоодржливост во време на криза и токму пандемијата го нагласила фактот дека подобро е кога производството е поблиску до пазарот.

Исто така, справувањето со кризата го нагласи јазот помеѓу богатите и сиромашните земји, помеѓу развиените и неразвиените земји. Всушност, светот се наоѓа во постојана економска и политичка трансформација. Носители на овие трансформативни процеси се големите економски и политички сили, преку нивната борба за доминација на економски и политички план.[207]

Глобалната пандемија со КОВИД-19 имала значително влијание врз нивото на конфликти и насилство ширум светот во 2020 година, а некои од овие ефекти веројатно ќе траат и во следните години. Иако клучните показатели за внатрешниот конфликт биле намалени, сепак. целокупното ниво на политички и граѓански немири било зголемено во текот на 2020 година.

Во овој период, имало повеќе од 5 000 инциденти поврзани со глобалната пандемија што вклучувале некаков облик на насилство, почнувајќи од насилни демонстрации и немири како одговор на карантинските мерки, до физички напади на луѓе од азиско потекло. Кај најмалку 158 земји, бил забележан еден или повеќе насилни инциденти директно поврзани со пандемијата во тој период. Насилните настани поврзани со пандемијата го достигнале својот врв во април 2020 година.

Иако бројот на инциденти значително се намалил до август 2021 година, сепак бројот на насилни инциденти месечно останал конзистентен. Од август 2020 до април 2021 година, во просек имало 200 насилни настани кои биле поврзани со пандемијата, додека за периодот од јануари 2020 до април 2021 година, биле забележани 805 смртни случаи (слика 9).

---

[206] Luciano Ciravegna, and Snejina Michailova, "Why the world economy needs, but will not get, more globalization in the post-COVID-19 decade," *Journal of International Business Studies,* 54 (2022): 172.
[207] Христина Рунчева-Тасев и Филип Стојковски, „Ефектите на КОВИД-19 врз меѓународните договори: Трансформативна моќ на глобалната криза," во: Годишен зборник на Факултет за туризам и бизнис логистика, (Штип: Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, 2000), 124.




Слика (9). КОВИД-19 насилни инциденти и смртни случаи од јануари 2020 до април 2021 година

Извор: "Global Peace Index 2021." Institute for Economics & Peace

Насилните протести биле клучен двигател на граѓанските немири во многу земји, особено во Европа. На пример, во Холандија владата вовела полициски час што предизвикало немири. Насилни демонстрации биле одржани и во Ирска, но во некои земји бил забележан слаб одговор на владите во однос на преземање мерки против пандемијата, што било поттик за антивладини демонстрации. Клучен двигател на граѓанските немири во Белорусија било одбивањето на владата да ја препознае сериозноста на пандемијата. Од друга страна, во Чиле избувнале немири по наглото зголемување на стапката на невработеност, додека во Либан, недостатокот на доволна економска поддршка од владата бил еден од клучните двигатели на немирите.

Очекувањата на глобално ниво се однесуваат на ресетирање на системот на глобално управување, забрзана и пожестока конкуренција на големите сили на глобалниот пазар и понагласена поларизација. Во овие услови на поларизација стана неизбежно да бидат разгледани можностите за тоа како да се врати меѓународната доверба на меѓународен план и како во иднина да се превенираат вакви кризи од сличен размер.

### 4.4.1. План за опоравување од пандемијата со Ковид 19

Столбовите кои најдиректно биле погодени од пандемијата со Ковид 19 се деловното опкружување, високо ниво на човечки капитал и добрите односи со соседите пред кризата. Но, одржлив, долгорочен социо-економски напредок е постигнат само во случај на рамномерен раст на сите столбови. Многу земји имплементираа стимулативни пакети за да го ублажат влијанието на КОВИД-19 врз нивните економии и да го подготват теренот за закрепнување по пандемијата. Првиот бран на пандемијата доведе до зголемен фокус на рамнотежата помеѓу глобализацијата и економскиот суверенитет.[208]

Проекцијата за земјите со помала зависност од меѓународната трговија, односно, поголем економски суверенитет, била дека тие можеле да бидат помалку погодени од глобалните нарушувања како што е КОВИД-19. Владите почнале да ги вклучуваат прашањата за економскиот суверенитет во плановите за закрепнување по пандемијата.

На пример, Јапонија започнала програма за да им помогне на јапонските компании да префрлат некои производствени активности од странски земји кон домашните. Индија усвоила слични мерки. Во САД, владата и компаниите дебатирале како да го вратат производството во националните граници. Еден начин да се измери економскиот суверенитет е споредување на вкупниот увоз и извоз на една земја како дел од БДП.

---

[208] Douglas Irwin, "The pandemic adds momentum to the deglobalisation trend," CEPR. May 5, 2020, https://cepr.org/voxeu/columns/pandemic-adds-momentum-deglobalisation-trend

Земјите со помал удел во трговијата во БДП имаат тенденција да бидат посамостојни. Дополнително, увозната содржина на извозот на една земја покажува колку би била загрозена способноста на земјата за извоз доколку не може да обезбеди стоки и услуги од странство. Земјите како Грција, Италија и Шпанија работат со релативно висок економски суверенитет, но имаат висок национален долг и помалку добар функционален развој на владата.[209]

Ова сугерира дека нивните клучни економски предизвици ќе бидат главно домашни, бидејќи тие се обидуваат да финансираат и координираат заживување на домашната активност. Од друга страна, Ирска, Холандија, Чешка, Белгија и други земји немаат долг и имаат поефикасна администрација. Сепак, нивното економско закрепнување зависело од брзината со која ќе се обнови регионалната и глобалната трговија. Земјите кои имале високи стапки на невработеност пред пандемијата биле посериозно погодени од КОВИД-19, од причина што пандемијата влијаела на нивните економии во време кога тие веќе биле кревки.

Особено загрижувачка била стапката на долгорочна невработеност. Земјите со висока долгорочна невработеност може да имаат претерано крути пазари на труд или ниско ниво на образование и преквалификација на работниците. Спротивно на тоа, земјите со ниски нивоа на долгорочна и краткорочна невработеност полесно го апсорбирале влијанието на пандемијата и ги прераспределиле работниците во критичните сектори по нејзините последици.

Добро развиеното деловно опкружување и високите нивоа на човечки капитал ќе им овозможат на компаниите да се прилагодат на новите барања на потрошувачите по пандемијата, брзите технолошки нарушувања, турбулентниот пазар на труд и променливите владини приоритети. Веројатноста била земјите со добри резултати во овие два столба да доживеат посилно закрепнување по пандемијата, бидејќи имале помал долг, ефикасни влади, висок економски суверенитет, агилни деловни сектори и силни инвестиции во технолошкиот и научно истражувачкиот сектор.

---

[209] "Global Peace Index 2020." Institute for Economics & Peace. June, 2020. https://www.economicsandpeace.org/report/global-peace-index-2020/

## 4.5. Ефектите од деглобализацијата врз мирот

Во однос на економската глобализација која се поврзува со мирот и благосостојбата, преовладуваат мислењата дека економската меѓузависност и слободата на пазарот се единствениот пат кој води кон мир и просперитет, додека според други, конкуретноста меѓу земјите и регионите може да биде извор на конфликти и судири. Ваквите мислења се потврдени со податокот дека земјите членки на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) никогаш не војувале помеѓу себе уште од 1945 година.

Индикатори кои се поврзани за економскиот развој, мирот и безбедноста се: бруто-домашниот производ, странските инвестиции, невработеноста, економскиот раст, почитувањето на човековите права, религиозните и етнички права и слободи. Нивното ниво во развиените земји е високо, токму од причина што негативните последици од процесите на глобализацијата, развиените земји ги решаваат по пат на кооперација, а не низ конфронтација и претставува голема предност во однос на неразвиените земји. Во последните децении, најрелевантните меѓународни организации, своите мисии за чување и одржување на мирот ги имаат реализирано претежно во земји обременети со висок степен на сиромаштија, кои биле и сѐ уште се на дното на светската хиерахија (на пример, Авганистан, Ирак, Сирија, Сомалија, Либија, Јемен и други). Тие ја отсликуваат реалната состојба колку овие земји заостануваат зад другите земји во развој, и при тоа не можат да ги почувствуваат придобивките од глобализацијата.

Во контекст на наведеното, развиени се два модела, либерален и структурален, кои се поврзани со економската глобализација и нејзиното влијание врз мирот и стабилноста на државите. Според либералниот модел, конекцијата на глобализацијата со мирот е претставена со следниве сегменти:

- Зголемување на глобалната меѓузависност и поврзаност меѓу земјите преку ширење на капиталот;

  Поголема контрола над државите во вооружувањето преку супранационално управување;

- Зголемен број на институции, тела, организации, кои придонесуваат за воспоставување на мирот и стабилноста, и
- Зголемена улога и подобрување на капацитетите на мултинационалните меѓународни сили за дејствување при појава на конфликт.

Спротивно на либералниот модел, структуралистите или антиглобалистите сметаат дека трговијата и странските инвестиции се форма на капиталистичка експлоатација на земјите во развој и дека процесите на економската глобализација имаат нееднаква трговска размена и распределба, промовираат сиромаштија, нееднаквост, социјални немири и конфликти.

Негативните ефекти од глобализацијата врз мирот се однесуваат на следново:

- Процесите на глобализацијата создаваат категории на победници и поразени, привилегирани и угнетени;
- Изразено е мешањето на земјите од Северот во внатрешните работи на земјите од Југот;
- Пораст на глобалните пазари на оружје и воена технологија и раст на трошоците за одбрана;
- Како последица на информатичко-технолошкиот и комуникациски напредок е сѐ поголемата напнатост и несигурност во светот;
- Миграциски движења насекаде во светот, како резултат на зголемената нееднаквост, финансиската нестабилност и кризи, кои ја влошија социоекономската и безбедносната состојба во повеќе земји во светот и
- Незадоволството од глобализацијата кое продуцира нови облици на насилство и нестабилност.[210]

Еден од најсилните мотиви за слободна трговија било верувањето дека таа промовира мир и политичката стабилност. Војната во Украина и потпирањето на Русија на Кина за да ги преживее пореметувањата предизвикани од санкциите кои ги вовел Западот се вклопуваат во парадигмата дека трговијата има билатерална или мултилатерална природа.[211]

---

[210] Горан Зенделовски и Зоран Нацев, Глобализација: Мирот и безбедноста, (Скопје: Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, 2014), 260-266.
[211] Goldberg, Pinelopi and Tristan Reed. “Is the Global Economu Deglobalizing? And if so, why? And what is next?.” *Brokings Paper on Economic Activity. BPEA Conference Drafts,* (2023):42.

## 4.6. Степен на глобализираност на развиените и неразвиените земји

Едно од постојаните прашања на економската теорија и практика се однесува на методот на мерење на феноменот на деглобализацијата. Слично на глобализацијата, може да биде разгледан збир на индекси кои може да ги откријат аспектите на феноменот на деглобализацијата.[212] Спротивниот однос меѓу двата процеса ја поддржува идејата дека слабата глобализација резултира со силна деглобализација.[213]

Современите економски истражувања покажуваат дека процесот на деглобализација најдобро може да се истакне со набљудување на најмалку три главни економски текови, како што се:

- Динамиката на увоз и извоз на стоки и услуги на глобално или регионално ниво, како израз на меѓународната трговија;
- Динамика на дознаките на пари на иселениците;
- Приливи и одливи предизвикани од странски директни и портфолио инвестиции.

Меѓутоа, следењето на овие три макроекономски компоненти не дава доволно јасна слика за процесот на деглобализација. Некои истражувачи како Карунаранте[214], Мискиевич и Аауслос[215], имаат истакнато дека во последните 10-20 години феномените на деглобализација всушност поинтензивно се појавувалњ на глобално ниво. Првиот чекор во квантифицирање на последиците од глобализацијата е способноста да се измери самата динамика на глобализацијата. Индексот на глобализација покажува силен тренд на глобализацијата помеѓу 1990 и 2007 година.

---

[212]"KOF Globalisation Index," KOF Swiss Economic Institute, June 15, 2024, https://kof.ethz.ch/en/forecasts-and-indicators/indicators/kof-globalisation-index.html

[213] Kim, Hag-Min, Ping Li and Yea Rim Lee. "Observations of deglobalization against globalization and impacts on global business." *International Trade, Politics and Development* 4, no.2 (December 2020): 85, doi:10.1108/ITTPD-05-2020-0067.

[214] Karunaratne, N.D. (2012). The Globalization-Deglobalization Policy Conundrum. Modern Economy, 3(4), 374.

[215] Miskiewicz, J., & Ausloos, M. (2010). World Economy Reached Its Globalization Limit?. Physica A., 389(4), 799.

По 2007 година, индексот на глобализацијата покажува опаѓачка стапка на раст. Ова го одразува фактот дека САД и развиените земји наметнаа трговски бариери за увозните производи. Покрај тоа, социјалната глобализација не расте многу, освен во Швајцарија, Холандија и Белгија, додека Индексот на политичка глобализација продолжува да расте.[216] Без ова, невозможно е да се процени сериозноста или користа од ефектите на глобализацијата и како треба да се управува со нив.[217]

Со воведувањето на КОФ- индексот на глобализацијата во 2002 година, бројни емпириски студии се занимаваат со прашањето дали и до кој степен глобализацијата влијаела на општествените и економските феномени.[218] Индексот на глобализацијата е композитен индекс што ја мери глобализацијата според економските, социјалните и политичките димензии за речиси секоја земја во светот на скала од 1 (најмалку глобализирана) до 100 (најглобализирана земја).[219]

Индексот го истакнува нивото на глобализација на националната економија, земајќи ги предвид главните економски текови, како и инструментите на макроекономската политика промовирани од владите. Иако феноменот на глобализацијата е многу тешко да се долови во бројки, некои автори посочуваат дека индексот на глобализацијата се базира на 25 показатели и се пресметува за 207 земји. Тоа овозможува индиректно набљудување на процесот на деглобализација во одредени временски периоди. Додека социјалната димензија го одразува опсегот на ширење на информации и идеи, политичката се однесува на нивото на политичка соработка меѓу државите, но без сомнение најважната димензија останува економската, бидејќи помага да се проценат некои од последиците од економскиот феномени на глобалниот пазар.[220]

---

[216] Lukas Figge and Pim Martens. “Globalisation Continues: The Maastricht Globalisation Index Revisited and Updated,” *Globalizations* 11, no.6 (2014): 880. Doi: 10.1080/14747731.2014.887389.
[217] “Top 50 countries in the Globalization Index 2023,” Statista, June 15, 2024, https://www.statista.com/statistics/268168/globalization-index-by-country/
[218]
“KOF Globalization Index Ranking,” Freudenberg Sealing Technologies. September 26, 2023, https://www.fst.com/news-stories/magazine/sustainability/how-global-am-i/
[219] Erik L. Knutzen, “Ukraine and the Path to Deglobalization.” *Neuberger Berman,* July, 2022, https://www.nb.com/en/global/insights/cio-weekly-perspectives-ukraine-and-the-path-to-deglobalization
[220] Zehra Nargis, ”The Realist State and Deglobalization.” *ScienceOpen,* December 1, 2011, https://www.scienceopen.com/hosted-document?doi=10.2307/42909286

Во табела 5 се прикажани и се рангирани земјите според степенот на глобализираност за периодот од 2019 до 2023 година.

Табела (5). Степен на глобализираност за периодот 2019-2023 година

| Ред.број | Земја | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Швајцарија | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 |
| 2 | Холандија | 2 | 2 | 1 | 2 | 3 |
| 3 | Белгија | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 |
| 4 | Шведска | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 5 | Обединето Кралство | 5 | 5 | 5 | 5 | 7 |
| 6 | Австрија | 6 | 7 | 7 | 7 | 6 |
| 7 | Германија | 7 | 6 | 6 | 6 | 5 |
| 8 | Данска | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 |
| 9 | Финска | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 |
| 10 | Франција | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| | | | | | | |
| 118 | Бахами | 118 | 114 | 119 | 117 | 119 |
| 119 | Либија | 119 | 118 | | 109 | 102 |
| 120 | Брегот на слонова коска | 120 | 128 | 131 | 125 | 123 |
| 121 | Република Конго | 121 | 124 | 125 | 174 | 150 |
| 122 | Џибути | 122 | 108 | 116 | 105 | 108 |
| 187 | Туркменистан | 187 | 188 | 199 | 186 | 191 |
| 188 | Ангола | 188 | 183 | 194 | 181 | 183 |
| 189 | Чад | 189 | 187 | 197 | 188 | 188 |
| 190 | Бурунди | 190 | 191 | 203 | 189 | 185 |
| 191 | Централна Африканска Република | 191 | 194 | 206 | 192 | 194 |

Од презентиранато може да се констатира дека земјите во Западна Европа и Северна Америка (со Швајцарија, Холандија и Белгија) биле на врвот и сѐ уште се најглобализираните земји во светот за периодот од 2019 до 2023 година. Најмалку глобализираните земји се наоѓаат во региони како Супсахарска Африка, Латинска Америка, Средниот Исток и Северна Африка. Ова е само уште една потврда дека современата глобализација е нееднаков процес кој е претежно во корист на високоразвиените земји, додека другите земји ги заобиколува. Позициите заземени од овие земји го одразуваат синергетско влијание, комбинација од сите димензии, без јасна разлика меѓу нив.[221]

Ако моделите на современата глобализација се нееднакви, тие, исто така, се многу асиметрични. Вообичаена заблуда е дека глобализацијата подразбира универзализам; дека „глобалното“ во глобализацијата имплицира дека сите региони или земји мора да бидат вклучени во светските процеси. Богатите земји на ОЕЦД се многу поглобализирани од многу од најсиромашните земји во Супсахарска Африка. Глобализацијата не се доживува подеднакво во сите региони, земји, па дури и заедници бидејќи е многу асиметричен процес.[222] Поради тоа, глобализацијата покажува географија на вклучување и исклучување, што резултира со јасни победници и губитници не само меѓу земјите туку и во и меѓу нив. Нееднаквоста е длабоко впишана во самите процеси на современата глобализација, па затоа попрецизно се опишува како асиметрична глобализација.[223]

Една земја за да биде глобализирана потребни и се или 10 месеци или 20 години. Тоа. пред сѐ, ќе зависи од можностите на земјата или, со други зборови, од степенот на глобализираност е зависен од брзината на адаптирање кон новонастанатите промени. Овие податоци покажаа дека современите процеси на глобализација, гледано од економски аспект, се непредвидливи и се доста ризични, и се одразуваат на севкупната општа состојба во општествата.

---

[221] Hong Pingfan. “Peace and stability as enablers for and outcome of development.” *SSRN*. March 26, 2015. https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=2584717

[222] Axel Dreher et al., “Measuring Globalization – Opening the Black Box: A Critical Analysis of Globalization Indices”. In *Globalization: Yesterday, Today and Tomorrow,* edited by Jim Sheffield, Andrey Korotayev, and Leonid Grinin, (Litchfield Park, USA: Emergent Publications, 2013), 154.

